УНИВЕРЗИТЕТ СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ- БИТОЛА

ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ

**Елеонора Давидовска**

# ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА РАЗУЗНАВАЧКИ ИНФОРМАЦИИ ПРИ ОТКРИВАЊЕ НА КРИМИНАЛИТЕТ

*СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУД*

Скопје, 2024

Факултет за безбедност - Скопје

**Кандидат: Елеонора Давидовска**

Специјалистички труд

**„Оперативно работење преку користење на разузнавачки информации при откривање на криминалитет„**

Ментор: проф. д-р.Злате Димовски

Професор на Факултет за безбедност- Скопје

Членови на комисијата

1. проф. д-р. Марина Малиш Саздовска

   Професор на Факултет за безбедност- Скопје

2. Никола Дујовски

   Професор на Факултет за безбедност- Скопје

Датум на одбраната:

Датум на промоцијата:

Наука од која се стекнува:

ИЗЈАВА

Од Елеонора Давидовска

(Име и презиме на кандидатот)

Изјавувам дека при изработката на специјалистичкиот труд ги почитував позитивните законски прописи од областа на заштитата на интелектуалната сопственост и некористев реченици или делови од трудови на други автори без да ги почитувам методолошките стандарди.

Изјавата ја давам под полна материјална и кривична одговорност.

Изјавил:

Елеонора Давидовска

# Contents


**АПСТРАКТ** ........ **6**

***APSTRACT*** ........ **7**

**Вовед** ........ **8**

**ПРВ ДЕЛ** ........ **10**

**2. Определување на предмет на истражувањето** ........ **14**

**2.1 Теоретско определување на предметот** ........ **14**

**4.1. Генерална хипотеза** ........ **22**

**4.2. Помошни хипотези** ........ **23**

**6. Научна и општествена оправданост на темата** ........ **24**

**ВТОР ДЕЛ** ........ **28**

2. **КРИМИНАЛИСТИЧКО ОПЕРАТИВНА ДЕЈНОСТ** **29**

**2.1. Дефинирање на оперативната дејност** **29**

**2.2 Степенување на сомнежот како клучна алка за активирање на оперативно-тактички и истражни дејства** **36**

**2.3. Поим за криминалистичка процедура при оперативно работење** **38**

**2.4. Поим за криминалистичка процедура при оперативно работење** **41**

**ТРЕТ ДЕЛ** ........ **44**

3. **КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЧКИ ПРОЦЕС**

**3.1 Вовед** **45**

**3.2 Поим на разузнавање и криминалистичко разузнавање** **46**

3.3 **Криминалистичкото разузнавање како процес** **48**

**Error! Bookmark not defined.**

**Error! Bookmark not defined.**

**Error! Bookmark not defined.**

ДЕЛ ЧЕТИРИ ........ 82

**4.** 82

**4.1. Error! Bookmark not defined.**

**4.2 Error! Bookmark not defined.**

**5. Error! Bookmark not defined.**

**5.1.** **Error! Bookmark not defined.**

**5.2.** **Error! Bookmark not defined.**

**6.** 93

**6.1.** **Error! Bookmark not defined.**

**6.2.** **Error! Bookmark not defined.**

**6.3.** **Error! Bookmark not defined.**

*7.* **Error! Bookmark not defined.**

**АПСТРАКТ**

Во текот на изминатите неколку години, многу дебати и дискусии се појавија во аналитичарската заедница за спроведување на Законот национална криминалистичко – разузнавачка база на податоци. Информациите од единицата за разузнавање обично се

сметаат за доверливи и затоа им се дава поголема вредност поради нивната чувствителна природа. Од друга страна, информациите за анализа на криминалот се помалку чувствителни и пошироко се користат низ службите.

Во многу случаи, службите за спроведување на законот имаат тенденција да го позиционираат разузнавачкиот капацитет на посебно ниво во рамките на организацијата, создавајќи дополнителен јаз со другите аналитички единици како што е единицата за анализа на криминалот. Меѓутоа, од особена важност, со оглед на природата и опсегот на единиците за разузнавање и анализа на криминалот, е прашањето зошто тие не соработуваат за да обезбедат похолистички пристап кон проблемите со криминалот за подобро да ги информираат носителите на одлуки и проблемите кои влијаат врз заедниците каде што припаѓаат.

Со развивање на информациите преку носачите на сознанија се прибираат информации за поврзаноста на лицата инволвирани во криминална група, хиерархијата во криминалната група, техничките средства кои ги користат, начинот на извршување на кривичните дела и слично и со тоа се исполнува оперативната дејност. Со навремено доставување на информациите за конкретни случувања во криминалната група се овозможува навремено користење на ресурсите во делот на докуметирањето и користењето на сите извори на информации.

Клучнизборови: криминалитет, разузнавање, информации

***APSTRACT***

Over the past several years, much debate and discussion has arisen in the analyst community regarding the implementation of the National Criminal Intelligence Database Act. Information from an intelligence unit is usually considered confidential and therefore given greater value due to its sensitive nature. On the other hand, crime analysis information is less sensitive and is used more widely across agencies.

In many cases, law enforcement agencies tend to position the intelligence capacity at a separate level within the organization, creating a further gap with other analytical units such as crime analysis. Of particular importance, however, given the nature and scope of crime intelligence and analysis units, is the question of why they do not work more closely together to provide a more holistic approach to crime problems and better inform decision-makers about issues affecting communities they serve.

By developing the information through the informants, information is gathered about the connection of the persons involved in a criminal group, the hierarchy in the criminal group, the technical means they use, the way of committing the crimes, etc. and thus the operational activity is fulfilled . Timely submission of information on specific developments in the criminal group enables timely use of resources in the area of documentation and use of all sources of information.

Key words: criminality, intelligence, informations,

**ВОВЕД**

Оперативното работење е незамисливо и не би можело да дава резултати доколку не се користат методите на разузнавање од различни извори. Криминалистичкото разузнавање се користи со децении за да се спречи или да се обезбеди доказ за кривично гонење за сериозни кривични дела, како што се тероризмот и трговијата со луѓе,

трговијата со дрога и оружје, перење пари и други. Разузнавачките информации се применуваат за анализа на криминалот, а се дискутира и за случајот со анализа на уделот на пазарот. Информациите од разузнавање имаат потреба од соодветна регистрација, складирање и пронаоѓање со помош на информатичката технологија.

Планираниот процес на собирање информации ќе осигура дека сите извори на информации се правилно идентификувани и максимизирани. Должината и сеопфатноста на колекцијата зависи од конкретната задача. Без планирано собирање информации, постои опасност од т.н непропорционалност во обемот и содржината. Така, премногу широките криминалистичко–разузнавачки барања може да доведат до еден вид уништување на информациите, но исто така претесниот (помал) опсег на барања може да го намали квалитетот на финалниот криминалистичко–разузнавачки производ. Поради сето ова, потребно е да се направи конкретен план за собирање информации, во кој ќе се наведат можните извори на информации, ќе се истражат сите начини на прибирање информации итн.

Соодветниот избор на извори на информации овозможува адекватна проценка и преземање сеопфатни активности врз основа на собраните информации. Неуспехот во тој дел може да го ослаби или оневозможи оперативниот одговор на заканата, да влијае на неможноста за правилна распределба на ресурсите и колективно да доведе до неуспех во постигнувањето на целта. Правилната проценка и анализа на информациите е сигурна постапка за решавање на дилемите со кои се соочува раководството на полициските организации во процесот на одлучување, особено при изготвување стратешки и плански документи.

**ПРВ ДЕЛ**

# 1. Методолошка рамка на истражувањето

## 1.1.Формулација на проблем на истражувањето

Брзите промени во криминалното опкружување во последните неколку години изненадија многумина кај силите за спроведување на законот. Меѓународниот криминал

станува се подоминантен, организираниот криминал станува се поорганизиран, а на зголемувањето на обемот на улогата на силите за спроведување на законот во борбата против зголемениот обем на криминалот очигледно им недостасуваа подготовка и алокација на ресурси, за да се одговори соодветно.

За да бидат ефективни, од силите за спроведување на законот сега се бара да прават краткорочни и долгорочни предвидувања, да го претпоставуваат однесувањето на организираните криминални групи, да размислуваат стратешки и да бидат промислени при распределбата на ресурсите. Со еден збор зајакнување на оперативната дејност. Ова било доста занемарувано од страна на полициските служби и од другите органи кои првенствено се фокусирале на тактичките истраги и на краткотрајните оперативни резултати.

Разузнавањето има големо значење за успешното спроведување на кривичните истраги и претставува нивен интегрален дел, со оглед на тоа дека не сите истраги можат да се решат со традиционални, конвенционални методи на истрага. Примената на разузнавачките мерки станува секојдневие во работата на службите и тие мерки веќе не се “ексклузивитет” само на разузнавачките служби.

Улогата на криминалистичкото разузнавање е клучна во работењето на организациите кои ги спроведуваат законите. Ефективната примена на криминалистичко разузнавачкиот процес може да ја означи разликата помеѓу успешното и неуспешното работење на безбедносно разузнавачката организација.

Генералната мисија на криминалистичкото разузнавање е да собира информација и да формира објективно знаење кое се однесува на поединци или групи кои се инволвирани во криминални конспиративни дејствија, со цел да се разбере како тие функционираат, да се опишат нивните моментални активности, и да се предвидат активности кои тие во иднина би можеле да ги превземат.

Криминалистичко - разузнавачкиот процес ги интегрира релевантните информации во логичен редослед, ги анализира и произведува заклучок, проценка или предлага модели на спречување на криминалот. Разузнавањето претставува процес на обезбедување

податоци и информации за настаните во другите земји кои можат да имаат влијание врз општествените односи.[1]

Разузнавачките информации се производот кој е резултат од обработката на суровите информации. Како извори на суровите информации се јавуваат човек, документ, техничко средство и предмет.[2] Криминалистичкото разузнавање се состои од поединечни сурови информации кои откако ќе се приберат, проценат, здружат и анализираат формираат значајни и корисни судови кои се точни и навремени, кои можат да се користат во текот на кривичната истрага и кои можат да ја градат доказната зграда. Според, Митко Котовчевски, разузнавачката служба претставува значајна државна специјализирана организација која врши собирање, анализа и процена на разузнавачки податоци и информации за другите држави, за нивните воени и економски потенцијали, за политичката состојба, за следење на намерите на другите држави, за научните откритија, за посредувањето меѓу државите (и тајната дипломатија) и други податоци од витален интерес за успешно функционирање на државата.[3]

Според Злате Димовски криминалистичкото разузнавање претставува работење со поврзани и неповрзани веродостојни факти кои подвргнати на анализа-анализирани можат да го откријат планирањето, подготовката, извршителите, изведувањето и профитот на кој било вид на илегална активност и се употребуваат да се откријат, предвидат, забранат, дестабилизираат и контролираат активностите на организираниот криминал, а со цел самото криминалистичко разузнавање да влијае на организираниот криминал и да помогне во кривичното гонење на криминалните дела.[4]

Разузнавачкиот циклус претставува процес во кој информацијата е искористена за разузнавачки цели.[5] Постои и размислување дека поимот на разузнавање има четири основни значења и тоа: информација, процес, збир на задачи (прибирање и анализа на

[1]Стаменковски А., Основи на разузнавањето, Скопје, 1999,17.
[2]Ѓорѓевиќ О., Основи на државна безбедност, Белград 1984 год.
[3]Котовчевски М., Современи разузнавачки системи, Скопје,2002, 41.
[4]Димовски З., Прирачник-Криминалистичко разузнавање, Скопје, 2007 стр.12
[5]HQ, Combat Commanders handbook on intelligence FM 34-8, DoD,1992

информации, контраразузнавачки задачи, тајни акции) и четврто структури или организации кои ги извршуваат разузнавачките активности.[6]

Најчесто разузнавањето го применуваат безбедносно-разузнавачките служби кои се карактеризираат со следниве особености: а) дејствуваат во насока на реализирање на виталните државни интереси и цели; б) во својата работа применуваат тајни методи; в) за неа важат принципите на професионалност, објективност и специјализирање, како и тимски пристап во работата; г) реализираат разузнавачки и неразузнавачки дејствија; д) применуваат методи на работа што не се својствени за другите служби за спроведување на законите; ѓ) нивната задача е, пред се, да делуваат превентивно; е) применуваат најсовремени техничко-технолошки решенија.[7]

### 1.1.1. Криминалистичко разузнавање

Криминалистичкото разузнавање во полицијата и оперативните служби има за цел спречување на криминал и планирање и распоредување на ресурсите.

Спречување на криминал, се остварува преку развивање на криминалистичко разузнавачки продукти од информации поврзани со криминални активности на сторители. Овие криминалистичко разузнавачки продукти институциите за спроведување на законите и полицијата ги користат за спречување на вршење на кривични дела, откривање и фаќање на нивните сторители и примена на стратегии за елиминирање или намалување на заканите од криминал. Овие продукти се категоризираат како оперативно разузнавање, кое се употребува како основа за донесување на одлуки за преземање на директни оперативни мерки, првенствено насочени кон поединечни субјекти, лица/групи и нивните активности.

Планирањето и распоредувањето на ресурсите се остварува преку развивање на криминалистичко разузнавачки продукти за потребите на донесувачите на одлуки со кои се обезбедуваат информации за карактеристиките и методичките елементи на

---

[6]М.Милошевиќ, според овој автор под разузнавање со подразбира разузнавачка активност и тој поим треба да се разликува од поимот на разузнавачка служба „Систем на државна безбедност„ Полицијаска академија, Београд, 2001, стр 7

[7]Т.Батковски „Разузнавачка, безбедносна и контраразузнавачка тактика„ , Соларисprint, Скопје, 2008, стр. 18

криминалните закани, со цел развивање на стратегии за одговор, како и алоцирање и распоредување на ресурсите.

Овие продукти се категоризираат и како стратешко разузнавање, кои врз основа на проценка за криминалот овозможуваат полицијата да развие планови за распоредување на оперативните ресурси во зависност од заканите од криминал.

### 1.1.2. Функција на криминалистичко разузнавачки процес

Криминалистичкото разузнавање преставува работење со поврзани и неповрзани веродостојни факти кои пак ставени во процес на анализа, и како анализирани продукти можат да го откријат планирањето, подготовката, извршителите, изведувањето начинот на сторување и профитот на кој било вид на илегална активност. Општо прифатено е дека разузнавањето е процес во кој суровата информација откако е собрана, се проценува, споредува и анализира, и на тој основ се формираат значајни и употребливи расудувања кои се прецизни и благовремени. Земањето на овие сурови информации и нивно претворање во разузнавање бара секвенцијален процес.

Заради подобро разбирање на истото првенствено е потребно да се објасни самиот модел кој во основа преставува метод на полициска работа кој овозможува со помалку средства и човечки ресурси да се постигнат поголеми и поефективни резултати со тоа што ќе се воспостави пропорционалност во однос на потребите (стратешките проценки) и средствата (тактичка проценка) кои ќе се користат во откривањето на сторителите на кривични дела -криминалната мрежа (профил на субјект - цел) и појавните облици на криминалитет (профил на проблем), а сето тоа да помине низ еден разузнавачки процес кој во основа преставува проактивна истрага[8].

Надополнувачки и составен елемент во тој процес е и криминалистичко оперативната анализа која преку своите пред се аналитички продукти (стратешка проценка, тактичка проценка и оперативна проценка), а и техники (анализа на ризик, чартови на врски, проток на средства и др.) и ќе овозможи врз основа на веродостојни податоци да се донесат одлуки на стратешко ниво. Постои строга одделеност на криминалистичко разузнавачкиот процес и истражувачкиот процес односно надлежноста

[8]Злате Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

на организационите единици надлежни за истраги на кривичните дела и нивно процесирање пред судовите, кои во основа се надополнуваат. Мора да се напомене дека концептот на проактивните истраги е применлив и во истражувачкиот процес - истрагите, преку користењето на аналитичките продукти и техники од страна на обучени аналитичари.

Имено, функцијата на криминалистичкото разузнавање кога е правилно имплементирана (правилно испланирана и ефектнивно применета) е еден од најважните средства на полицијата за детектирање, справување со криминалот. Со примена на разузнавачките функции во истражниот процес полицијата добива проактивна предност да ги открива навремено криминалните активности, а не да реагира откако криминалот е извршен.

Криминалистичкото разузнавање може да биде во функција на многу постапки кои се превземаат од страна на полицијата во откривањето, спречувањето и расветлувањето на криминалот во сите негови појавни облици. Разузнавањето секогаш мора да биде работено со причина и во голем дел е поврзано со задачите кои ги извршуваат институциите. Потребите на разузнавањето го определуваат видот и обемот на барањата, кое што е поврзано со планирањето, поставувањето на приоритети и преземање на потребни активности. Овој процес мора да се фокусира на собирање на информации во согласност со закон, да се собираат информации кои ќе бидат употребени за спречување на криминалот или за лишување од слобода на сторители на кривични дела, никогаш не смеат да се употребат за политички цели. Истите може да се употребуваат и за да се откријат, предвидат, забранат, дестабилизираат, и контролираат активностите на криминалот, а со цел самото криминалистичко разузнавање да влијае на криминалот и да помогне во кривичното гонење на криминалните дела во било која област.

## 2. Определување на предмет на истражувањето

### 2.1 Теоретско определување на предметот

Предмет на изработка на специјалистичкиот труд е утврдувањето на улогата на безбедносно- разузнавачките служби, кои изготвуваат разузнавачки информации, преку

примена на специфични методи и средства и во функција на сузбивање на криминалитетот.

За да дојдеме до улогата на разузнавачките служби во сузбивање на организираните форми на криминалитет, најнапред во трудот ке го разработиме поимот за криминалитет, организиран криминалитет, неговите појавни облици и карактеристики. После тоа ќе го разработиме целокупниот систем на разузнавањето, добивање сурови информации и нивно подредување, анализа и добивање на употребливи и правно релевантни разузнавачки информации.

Најдобар начин за борба против некоја криминална појава која може да резултира со катастрофални и долготрајни последици е да се превенира, да се делува пред настанот, ante delictum, па така и со криминалитетот најдобро е да се делува во неговите рани фази што е можно порано во подготвителните фази. Тоа може да се постигне со примена на методите на разузнавање и анализа на добиените информации, кои би говореле за криминалната организација, формите, методите, средствата и зачестеноста на појавата, па и за степенот на присутност во општеството.

На крајот од трудот во посебен дел во заокружена целина ке направиме анализа, верификација на улогата на служби од безбедносно- разузнавачката заедница во сузбивање на криминалитетот и посебно организираниот криминалитет.

Анализирајќи ја состојбата во западно-европските земји, може да се забележи голема различност во поглед на достигнување на нормативната уреденост, динамиката на развој како и степенот на практична имплементација на разузнавачката дејност.

Службите за спроведување на законите и разузнавачко безбедносните служби и агенции мора постојано да добиваат информации, истите да ги анализираат и навремено да ги дистрибуираат и искористуваат. Информациите и нивното следење се еден од најбитните сегменти во борбата со криминалот. Заради тоа потребно е и правилно и навремено употребување на посебните истражни мерки со кои се зголемуваат шансите за добивање на корисни и конкретни информации и докази кои на друг начин не би ни било возможно да се добијат или нивното добивање би било отежнато. Таквите информации се однесуваат на различни подготвителни информации, информации за реализација на одреден тип криминалитет или за начините за прикривање на делата и користење на

привилегиите од реализираните инкриминирани дејствија и нормално, идни планови и акции.

Безбедносните служби пак откако ќе добијат анализирани и сигурни податоци и информации потребно е да изведуваат конкретни оперативни акции. Потребна е постојана оперативна активност со цел да им се стави до знаење дека некој ги следи, дека државите и меѓународната заедница имаат начини и мерки со кои би им се спротиставиле и би ги поразиле криминалните групи. Но, и со цел да не се дозволи граѓаните да ја изгубат довербата во државните иснтитуции и да истите не се почувствуваат незаштитени и немоќни. Граѓаните мора да бидат убедени и да видат дека државата прави се за да ги заштити, дека тие не се оставени на милост и немилост на криминалните групи.

### 2.2 Појмовно - категоријален апарат

Со помош на појмовно-категоријалниот апарат ќе укажеме на некои од специфичностите на поимите кои непосредно се употребувааат во истражувањето:

- **Разузнавање** - може да се употреби за да се опише процесот на толкување на информациите за да им се даде значење. Разузнавањето може да се опише и како ‘обработени информации за цели на спроведување акции’. Разузнавањето секогаш вклучува степен на толкување на податоците, што резултира со неизбежен степен на шпекулација и ризик. Разузнавањето вклучува изјави за факти и наоди кои се резултат на користење логика во однос на релевантните факти. Разузнавањето не претставува израз на мислења или примена на традиционални начини на гледање на работите. Тоа мора да бидат информации кои го подобруваат работењето на службите за постигнување на нивните цели. Со тоа автоматски се исклучуваат работи како оговарања, инсинуации и интуиции. Разузнавањето е првиот чекор кон обезбедување докази во кривичната истрага кои се прифатливи и може да се искористат во судскиот процес. Спроведувањето на законот и разузнавањето се две различни активности и имаат различни правила, цели, извори и методи, како и различни стандарди во поглед на квалитетот на информациите што ги прибираат. Традиционално, органите за спроведување на законот (law enforcement) прибираат

информации за да изградат случај врз основа на кој криминалците може да се гонат на суд и да се испратат во затвор.

- **Криминалистичкото разузнавање** претставува работење со поврзани и неповрзани веродостојни факти кои подвргнати на анализа- анализирани можат да го откријат планирањето, подготовката, извршителите, изведувањето и профитот на кој било вид на илегална активност и се употребуваат да се откријат, предвидат, забранат, дестабилизираат и контролираат активностите на организираниот криминал, а со цел самото криминалистичко разузнавање да влијае на организираниот криминал и да помогне во кривичното гонење на криминалните дела.
- **Разузнавачкиот циклус** се состои од 6 (шест) меѓусебно зависни фази: насочување, собирање, проценување, обработка, анализа и дисеминација (проследување).
- **Разузнавачка дејност (Intelligence)** - разузнавачка активност во рамки на целиот свет која ја планираат, организираат и спроведуваат субјекти, организации и која го подрзабира процесот на легално прибирање на достапни податоци, користејќи етички средства, нивна анализа и претворање во готови разузнавачки производи, заради давање на поддршка на спроведувачите на законите, а со цел донесување и реализација на што поквалитетни одлуки насочени кон избегнување на било какви ризици и закани.
- **Безбедносен систем** е збир на државни и недржавни институции, хармонично поврзани меѓу себе во организациска и функционална смисла, кои постапуваат според нормите на безбедносното право и имаат права, должности и одговорности во обласа на безбедноста.[9]
- **Безбедносна превенција** претставува пресретнување, попречување, на некоја појава со која се загрозува безбедноста, односно се нарушува безбедносниот стабилитет на некое општо или индивидуално добро.[10]
- **Безбедносна проценка** е целосен аналитички опис и приказ на условите и факторите што ја стабилизираат, односно дестабилизираат безбедносната состојба,

---

[9]Батковски,Т.,Николовски,М., Спасески,Ј., Современи бесбедносни системи,Факултет за безбедност,Скопје, стр.14
[10]Ибид.,стр.36

организираноста и способноста на субјектите кои ја остваруваат безбедносната функција.[11]

- **Разузнавачка тактика** подразбира примена на специфични методи во насока на прибирање податоци од оперативен, стратегиски и тактички карактер и реализирање други дејства а во рамките на утврдениот делокруг и во насока на остварување на поставените цели и барања од страна на државниот врв.[12]
- **Стратегија** е глобална концепција за плански ориентирано разрешување и реализирање на подолгорочни задачи и цели во конкретната научна и практична општествена дејност и тоа преку изнаоѓање на најсоодветни тактички начини и научни или практично засновани методи за спроведување во живот на таквите задачи во конкретн област.[13]
- **Истрага -** испитување, истражување, пребарување, следење и прибирање на фактички информации како одговори на прашања или решавање на проблеми. Лицето ангажирано во истрагата е собирач на факти, кој мора да развие хипотези и да извлече заклучоци врз основа на достапните информации. Истрагата е сеопфатна активност, вклучувајќи собирање информации, примена на логиката и расудување.[14]

- **Индиција-**претставува факт, показател на состојбата на некоја појава, покажувач, знак, симптом, обележје, потврда на нешто, доказ за нешто и со негова помош се врши оценка, класификација, проценување и предвидување дали и како ке се одвива некоја појава, колку едена појава или настан влијае на друга појава или настан. Едноставни мерки што ни кажуваат што се случува во околината.[15]

- **Оперативно-тактички мерки -** мерки и активности кои ги презема полицијата во криминалистичката контрола и обработка, поточно во предистражната

[11]Ибид., стр.57
[12]Ибид,стр.29
[13]Ангелески,М., Криминалистички теории,Скопје, 2014,стр.148
[14]13Charles A. Sennewald, John K. Tsukayama with contributions by David E. Zulawski and Douglas E. Wicklander. (2006) *The Process of Investigation: Concepts and Strategies for Investigators in the Private Sector*, Third Edition, Elsevier, Oxford, p.3;

[15]14Миќуновиќ, Љ., Современ лексикон на странски зборови и изрази, Наша книга, Скопје, 1995, стр. 242

(преткривичната) постапка. Со нив полициските службеници доаѓаат до сознанија за подготовка, планирање или постоење на кривични дела.

- **Криминалистичка контрола** претставува систем од оперативно-тактички мерки кои се насочени во правец на прибирање и обработување на оперативни информации во случаите кога постои само општа индиција за потенцијално сомнително однесување, односно за конкретно недефинирано нечие криминално однесување во криминален пункт или во криминална средина.[16]

- **Криминалистичка обработка** е систем од оперативно-тактички мерки насочени кон тоа да се открие и утврди конкретно одредено кривично дело,да се открие и утврди одреден сторител на кривично дело и да се приведе кон кривичен прогон.[17]

- **Оперативно тактички мерки** (заседа, рација, блокада, потера, стапица-мамка) се мерки и активности кои ги презема полицијата во рамките на криминалистичката контрола и криминалистичката обработка, поточно во предистражната постапка и со нив доаѓа до сознанија за подготовка, планирање или постоење на кривично дело.

- **Оперативна дејност**- комбинација на мерки и активности, реализирани преку мисловен процес на постапност и сеопфатност од добивање, искористување и примена на модели на постапувања согласно тактичката ситуација, користење и ангажирање на голем број на извори на информации и сознанија за одредена личност, настан или група на луѓе.

### 2.3 Операционално определување на предметот

Во трудот ќе се обработат следните аспекти на предметот на истражувањето, што воедно претставува и негова операционализација:

- утврдување на местото, улогата, функцијата и структурата на разузнавањето и криминалистичко-разузнавачкиот процес во сузбивањето на криминалитетот во

[16]Ангелески,М., Криминалистички теории,Скопје, 2014,стр.109
[17]Водинелиќ, В., Криминалистика,стр.54

организираните општествени системи, но и во Р. С. Македонија;

- допрецизирање и јасно формулирање на постапките и активностите, формите и методите на пројавување на организираните форми на криминалитет во законската регулатива и подзаконските акти во Р. Македонија;
- утврдување на моменталната состојба за обемот на застапеност на криминалитет, методиката и појавните облици во Р. С.Македонија, компарирано со искуствата од развиените земји од Европа и светот, како и искуствата од земјите наследнички на поранешната југословенска федерација, а со цел имплементирање на странските позитивни искуства во земјава за борба против криминалитетот.
- давање насоки и препораки за подобрување и имплементација на современите методи и техники кои можат да се користат во сузбивањето на криминалитет преку проактивен пристап и користење на разузнавачките информации;
- утврдување на степенот на оспособеност и обученоста на кадарот вклучен во разузнавањето;
- јасно разграничување помеѓу активностите на субјектите на државниот безбедносен систем и разузнавачките служби;
- разгледување на моделите на соработка во државниот безбедносен систем;
- дефинирање на потребата и начинот на вршење контрола над работата, дефинирање и разграничување на надлежностите на различните субјекти во системот за безбедност задолжени за контрола, како и формата и начинот на нивна соработка и меѓусебна координација.

### 2.4.Дисциплинарно, временско и просторно определување на предметот

Истражувањето на организираните форми на криминалитет и на криминалистичкото оперативно разузнавање, како проактивен процес, е невозможно доколку на истиот не му се пристапи мултидисциплинарно. За да може што подобро да се проучи и анализира потребно е да се земат знаења од повеќе науки и научни дисциплини.

Криминалистика, Криминологија, Полициски науки, Безбедносни науки, се главните науки и научни дисциплини на кои се заснова проучувањето на наведената тема.

За да може квалитетно да се истражи овој модел на оперативен пристап, потребно е да се стави во една разумна временска рамка која не би требало да опфаќа голем период. Земајќи во вид дека принципите на криминалистичкото разузнавање и примена на разузнавачките процедури и постапување, се одвиваат согласно строго одредување и адекватна законска заштита на разузнавачките информации како готови производи, со точно одредени, децидно пропишани и дадени рамки за нивно користење, временската рамка би била за целиот период на оперативното постапување и реализација на задачи во рамки на криминалистичко разузнавачкиот процес во нашата земја. Преку ваквиот пристап ќе се даде целосна слика на примена на разузнавачките методи во оперативното работење на службите за спроведување на законите и работењето со класифицирани разузнавачки информации.

Анализирајќи ги постапувањата ќе може да се добијат знаење за начините и тактиките на криминалните организации, нивните методи и средства, но и за нивото на можности од спротивставување и контрола на криминалот. Ќе се илустрира како до сега безбедносните системи се справуваат на превентивен и на репресивен план со организираните криминални групи со примена на разузнавачките постапки. Кои се грешките кои тие ги направиле и да се преземат мерки за нивно поправање и неповторување во иднина. Главната цел на анализата ќе биде да преку досегашните искуства, да може да се извлечат корисни информации и знаење како во иднина домашните безбедносно-разузнавачки служби успешно се справат со современите форми на организирани форми на криминал.

## 4. Цели на истражувањето

Предмет на изработка на специјалистичкиот труд е утврдувањето на улогата на безбедносно- разузнавачките служби за сузбивање на организираните форми на криминалитет. За да дојдеме до улогата на разузнавачките служби во сузбивање на организираните форми на криминалитет, најнапред во трудот ке го разработиме поимот за

организирани форми на криминалитет, неговите појавни облици и карактеристики. После тоа ќе го разработиме систем на разузнавање, со акцент на примената на проактивниот пристап и целосната примена на принципите, методите и средствата за добивање, подредување, анализа и проследување на разузнавачките информации..Ваквиот пристап ќе ни даде насоки за разработувањето на начините (изворите) и процесот на собирање на разузнавачки податоци и информации, разузнавачките средства и методи за постапување по тие информации, во правец на сузбивање на организираните форми на криминалитет. Од изворите на информации посебно ќе го разработам агентурниот метод и модалитетите на инфилтрирање агенти во криминалната структура и начините на користењето на техничките средства како извор на информации.

Најдобар начин за борба против некоја појава која резултира со катастрофални и долготрајни последици е да се превенира, да се делува пред настанот, ante delictum, па така и со криминалитетот најдобро е да се делува во неговите рани фази што е можно порано во самите подготвителни етапи. Тоа може да се постигне со адекватна примена на разузнавачките методи.

На крајот од трудот во посебен дел во заокружена целина ке направиме анализа, верификација на улогата на безбедносно-разузнавачките служби во сузбивање на организираните форми на криминалитет.

Анализирајќи ја состојбата во западно-европските земји, може да се забележи голема различност во поглед на достигнување на нормативната уреденост, динамиката на развој како и степенот на практична имплементација на проактивната разузнавачка дејност.

## 4.Хипотетичка рамка- хипотези

## 4.1. Генерална хипотеза

Во трудот се тргнува од општата претпоставка дека „организираните форми на криминалитет не можат успешно да се следат и сузбиваат без организирано разузнавачко дејствување на безбедносно разузнавачката заедница,,.

## 4.2. Помошни хипотези

За да се надополни главната хипотеза во трудот ќе тргнеме и од следните помошни хипотези :

- Без добро познавање на организираните форми на криминалитет неможеме да градиме методика на нивно сузбивање.
- Заради конспиративноста, ефикасните методи и транснационалноста на криминалитетот неопходно е користење на разузнавањето во сузбивање на истиот;
- Поради појавата на нови појавни облици на криминалитет, безбедносно-разузнавачките служби неопходно е постојано да ги прилагодуваат средствата, методите и организацијата на работа во самите служби за спроведување на законите;
- Утврдувањето на местото, улогата, функцијата и структурата на разузнавањето во вкупниот безбедносен систем во државата ќе придонесе за поцелосен преглед и поттик за нејзин побрз развој.

## 5. Начин на истражување– методи и техники на истражување

Поради специфичноста, повеќеслојноста, тајноста во примената на разузнавачките средства и методи, а заради за успешна обработка и изработување на магистерскиот труд ќе се користат поголем број на методи и тоа:

- **историски** - со овој метод историски ќе се утврдат почетоците на разузнавачкото дејствување со посебен осврт на ангажирањето на разузнавачките служби во сузбивање на организираниот криминалитет;

- **анализа на содржината**- со примена на овој метод ќе се анализираат одредбите од Законот за агенција за разузнавање, посебно литература која теоретски ја обработува оваа проблематика, разузнавачки извештаи и потфати;
- **компаративен метод (споредбен) -** со примената на овој метод ќе ми овозможи споредбено согледување на искуствата, методологијата и разликите во работата на разузнавачките служби во повеќе земји;
- **статистички метод**- иако не е многу применлив овој метод кај оваа тема доколку сме во можност ке извлечеме неколку статистички податоци за откриени криминални организации по години за да утвриме дали имаме тренд на зголемени успеси или не.
- **синтеза**- со помош наовој метод ке се исврши соединување на податоците добиени со помош на претходните методи.

## 6. Научна и општествена оправданост на темата

Со разработка на тематските единици предвидени во содржината на специјалистичкиот труд ќе се постигне главната цел на трудот дескрипција на досегашната разузнавачка работа, предлагање на соодветна методологија на работа на безбедносно-разузнавачките служби преку примена на разузнавачки информации и етаблирање на проактивниот пристап во правец на сузбивање на организираните форми на криминалитет .

Се очекува трудот да даде стручен придонес во користењето на разузнавачките средства и методи за успешно спротиставување на организираните форми на криминалитет.

Современиот развој на светот, глобализацијата во иднина можеби ќе значат огромен напредок за балгосостојбата кај идната популација, но неизбежно како ``нус производ`` со себе ќе го носат и организирани форми на криминалитет, кој исто така ќе се модифицира во нови и поопасни форми за општеството и гарантирање на безбедност и благосостојба на граѓаните.

Во трудот се тргнува од главната карактеристика на организираните форми на криминал дека тој се протега на територијата на повеќе држави, континенти,

елиминирајки ги границите на дејствување на националните служби за спроведување на законот и правни системи. Од друга страна развојот на организираниот криминалитет последните децении е како резултат на брзите цивилизациски технички придобивки и услови кои одат во прилог на напуштање на традиционалното организирано криминално дејствување во системско поврзување на криминалните организации од повеке држави и континенти.

Ваквиот современ концепт на организираното системско криминално дејствување им донесе голем профит, што од друга страна во нивните организации привлекоа економски, софистицирано технички и безбедносни стручњаци, а со тоа ги користат најсовремени средства и методи во изведувањето на криминалните потфати, ориентирајки ја својата дејност по принципите на пазарното стопанство. Паралелно со тоа развиа и добри меѓународни канали за перење на парите стекнати со нивната криминална активност со што нарушија повеке национални економии во светот.

Со тоа, транснационалните организирани криминални организации го зацврстија функционирањето по системот на мрежно, пирамидално (синџир) поврзување, со меѓусебно почитување и функционирање на старите/традиционалните принципи на тајност и затвореност на криминалната организација и навлегувајки во власта со свои позиции, и тоа во во законодавната, извршната и судската власт. Со овој процес се потврдува тезата на политизација на криминалот а со тоа и криминализација на општеството.

Според погоре кажаното, но и кога го гледаме организираниот криминалитет од аспект на географскиот простор на криминално дејствување, во сите појавни облици на криминал, се отвара дилемата дали националните системи за заштита во рамките на својата држава се доволни да се заштиата од ваквото организирано криминално дејствување.

Повеке држави некои порано некои подоцна констатираа дека на ваквите видови на криминалитет може да му се застане на патот само со мегународно поврзување и надворешно разузнавачко дејствување, за да се откријат покрај другите безбедносн закани и дејствувањето на организираните форми на криминалитет. Работејќи по принципот на сеопфатност посебно доминантните држави развија добро структуирани безбедносни системи кои разузнавачки го покриваат организираниот криминалитет во целиот свет.

Современиот безбедносен амбиент во Р.С. Македонија во основа е детерминиран од два фактора: глобализацијата и транзицијата. Овие процеси доведоа до трансформација на безбедносните ризици, закани и загрозувања при што еден дел од нив се зголемуваат и добиваат на интензитет, но исто така се појавуваат и нови.

Двонасочното делување на процесот на глобализација доведе до тоа државите да бидат пред сé засегнати со глобалните безбедносни предизвици, кои ја менуваат традиционалната безбедносна функција на државата во рамки на националната безбедност. Од друга страна, глобализацијата условува и пораст на загрозувањата на луѓето, нивните права и нивниот имот, конципирано низ актуелизирање на хуманата безбедност.

Транзицијата пак, која како феномен е карактеристична за земјите од Западе Балкан, регион на кој му припаѓа и Р.С.Македонија, доведе до нагли промени во општествено-економскиот и вредносниот систем, проследен со остра социјална нееднаквост, која од своја страна ги зголеми ризиците, заканите и загрозувањата по луѓето и по имотот.

Паралелно со тоа развија и нови прилагодени служби за спроведување на законот, со одредени средства и методи соодветни за сузбивање на организираните форми на криминалитет.

Паралелно со развој на разузнавачко-безбедносните системи се интензивира меѓународната соработка за сузбивање на организираниот криминалитет.

Зголемениот интерес за овој правец е поврзаноста на организираниот криминалитет со тероризмот и терористичките активности, насочени кон моќните доминантни земји во светот. Брзиот економски и технолошки развој во светот придонесува и до мутирање на тероризмот во нови форми, уште поопасни и понепредвидливи по безбедноста на светско ниво, поврзувајќи или искористувајќи го криминалот за сопствено финансирање.

Секојдневно медиуми јавуваат за хаосот предизвикан од терористички и криминални дејства, Блискиот исток, Палестина а се почесто и Европскиот континент.

Како заокружување на она све што претходно го кажавме е констатција дека државите беа принудени покрај интензивната/континуираната меѓународна соработка големо внимание да посветат на редефинирање на своите заштитни-безбедносни системи и во рамките на нивните централни разузнавачко-безбедносни системи да отвараат посебни оддели, дирекции, сектори за борба против организираниот криминалитет.

Остварувајќи ја заштитата на највисоките општествени вредности на своите држави скоро сите држави ја развија разузнавачката дејност и се ориентираа покрај другите стратешки интереси надвор од својата држава. Се ориентираа кон прибирање на податоци, информации за криминалната активност на организираните криминални организации. Токму заради тоа во овие држави се развива специјализирани служби за разузнавачко дејствување во сузбивање на организираните форми на криминалитет. Оправданоста лежи во поврзаноста и заедничкото дејствување на интегрирани (во крвотот поврзани) разузнавачко организирани служби. Токму затоа предизвик да се разработи тема за улогата на разузнавачките служби за сузбивање на организираните форми на криминалитет, која во нашата држава не е доволно разработувана токму од аспект на разузнавачко дејствување, е предизвик.

Има трудови во поголем број, но тие во суштина го разработуваат сузбивањето на организираниот криминалитет без да се разработат разузнавачките аспекти на дејствување на безбедносно- разузнавачките служби во сузбивањето на организираните форми на криминалитет. Посебен проблем за тоа преставува сиромашната односно недостапната литература за методите средствата кои ги користат службите за спроведување на законот што за нас преставуваше поттик да трагаме кон изворни материјали, податоци и информации за оваа проблематика.

Исто така сознанијата од истражувањето ќе бидат од исклучително значење во воспоставување на константна и координирана соработка помеѓу повеќето земјите , на оперативно и стратешко ниво, кои здружени заради остварување на безбедност и државните институции задолжени за сузбивање на криминалитетот и примена на аналогни разузнавачки методи, се надеваат на успех. Секако е потребно да се наведе и мотивот за подигање на јавната свест за сериозноста на проблемот, подигнување на свесноста дека соработката со безбедносно- разузнавачката заедница од страна на граѓаните, не е погрешна нити девијантна појава, затоа што секој има одредени информации кои доколку навремено и целосно ги изнесе, активностите на службите за спроведување на законите ќе бидат ефикасни, ефективни и успешно ќе даваат соодветна заштита на граѓанството. Затоа сметам дека наведената и предложена тема е актуелна, наменска и корисна за сите.

**ВТОР ДЕЛ**

# 2. КРИМИНАЛИСТИЧКО ОПЕРАТИВНА ДЕЈНОСТ

## 2.1. Дефинирање на оперативната дејност

Теоријата за оперативната дејност се вбројува меѓу релативно поновите криминалистички учења. Создавана е од неколкумина криминалистички теоретичари и практичари, меѓу кои посебен респект заслужуваат некои полски автори. Во криминалистичката литература постојат неусогласени ставови дури и за основните елементи на теоријата за оперативната дејност, меѓу кои спаѓа и дефинирањето на „оперативната дејност", односно на „оперативното работење" - поими што имаат синонимно значење.

По однос на поимот и суштината на оперативната дејност постојат поларизирани ставови на руските криминалисти. Една група автори се залага за т. н. оперативна потрага (како облик на оперативна дејност што во македонската криминалистичка литература содржински се исцрпува преку криминалистичката контрола како првична етапа што се одвива во рамките на оперативната дејност), која се остварува надвор од кривичната постапка; другата група руски криминалистички научници смета дека оперативно-тактичката дејност, односно она што кај нас го подведуваме под поимот криминалистичка обработка, преку сплет од оперативно-тактички мерки, е насочена кон откривање и истражување кривични дела. При тоа некои автори оваа значајна област вештачки ја одвојуваат од криминалистичката наука, обидувајќи се да ја сместат во посебна претпоставена дисциплина, чиј предмет на истражување целосно го исцрпува криминалистиката. Некои криминалисти од оваа група научно засновано ја третираат оперативната дејност како нераскинливо подрачје на криминалистиката, односно на нејзиниот потсистем криминалистичка тактика.[18]

На Запад вакви дискусии скоро и да не се водат, а ваквиот инертен став на криминалистите во високо развиените земји, што се огледа преку неразвиеноста не само на општо теоретскиот систем на криминалистиката, ами и на посебните криминалистички

---

[18]Види: Белкин, С. Р., Курс советскої криминалистики, Москва, 1978, 179. Наведено според: Водинелиќ, В., Криминалистика - откривање и докажување, Скопје, 1985, 383-385.

учења (аналогно на ова и на она за оперативната дејност), произлегува првенствено од нивниот приод во одредувањето на предметот на криминалистиката. Имено, на Запад криминалистиката се третира како практична дисциплина или посебна вештина, во чие проучување доминира природно-научната димензија на криминалистичката техника, додека тактичко-методичните аспекти се запоставени.

Српските криминалистички научници Ж. Алексиќ и З. Миловановиќ оперативната дејност ја дефинираат како „систем од криминалистички методи и средства што полицијата ги применува заради спречување и откривање кривични дела, потоа, за собирање податоци за личноста на сторителот (за местото каде што тој се наоѓа и за неговите врски), како и заради утврдување и обезбедување на предметите кои претставуваат доказни информации.“ [19]

Превентивно-репресивната димензија на оперативната дејност, односно на активноста на органите за внатрешни работи, се нагласува од повеќемина теоретичари.[20] Некои од нив во рамките на оперативната дејност, покрај криминалистичката контрола и криминалистичката обработка, ја вбројуваат и криминалистичката превенција, именувајќи ја и како оперативно-превентивна дејност.

В. Водинелиќ оперативната дејност ја смета за „систем од непроцесни криминалистички методи, начини и средства“ [21] што се протегаат во криминалистичката контрола и во криминалистичката обработка како две етапи од ваквата дејност што е во надлежност на органите за внатрешни работи. „Оваа дејност не е процесно регулирана, така што не влегува во кривично-процесната орбита, но е од фундаментално значење за откривањето кривични дела и сторители.“[22]

Процесот на откривање не може да се замисли без активирање на арсеналот од јавни и тајни оперативно-тактички мерки што влегува во составот на оперативната дејност. Таквите мерки се криминалистички бидејќи содржат „начини, методи и средства што ги создава, изучува и усовршува криминалистиката.“ [23]

---

[19]Алексиќ, Ж. и Миловановиќ, З., Криминалистика, Партенон, Београд, 1994, 52.

[20]Види: Krivokapic, V., OUP u sprecavanju i suzbijanju kriminaliteta, Beograd, 1981, 243-247; Papes, D., Privredna kriminalistika, Zagreb, 1986, 108; Lakcevic, D. OUP i njihova delatnost u jugoslovenskom krivicnom postupku, Zagreb, 1985, 129 и натаму.

[21]Водинелиќ, В., Криминалистика - откривање и докажување, 383.

[22]Водинелиќ, В., Исто.

[23]Исто, 385.

Зависно од специфичноста на секоја дадена тактичка ситуација, при решавањето на секоја конкретна задача произлезена од постапувањето на криминалистот во случаите кога е во прашање каков било оперативен предмет што се работи во рамките на оперативната дејност, секогаш се респектираат и се активираат најсоодветни криминалистички средства, тактички начини и научни методи. Тие се основниот полициски инструментариум што се применува во тактиката на спроведување на секоја посебна оперативно-тактичка мерка. Севкупните тактики на спроведување на секое одделно вонпроцесно дејствие од системот на оперативно-тактички мерки (и тоа не само на ниво на тактички начини, ами и на ниво на тактички комбинации и цели криминалистички операции) ја сочинуваат тактиката на оперативно работење на криминалистот (криминалистички инспектор, криминалистичко-технички експерт, униформиран полициски работник) во склопот на оперативната дејност, и тоа во двете нејзини фази. При водењето на криминалистичката обработка[24], особено кога се работи за сложени оперативни предмети, криминалистот неминовно активира и процесни дејствија што според начелото на брзина не трпат одлагање. Тоа се т. н. итни истражни дејствија кои можат да се активираат во вид на прости и сложени тактички комбинации.

Под теорија за оперативната дејност подразбираме „систем од напластени научно засновани сознанија за природата и суштината на криминалистичките средства, начини и методи што се применуваат првенствено во склопот на оперативно-тактичките мерки како комплексен систем од тајни и јавни вонпроцесни оперативни дејствија со кои органите за внатрешни работи во рамките на криминалистичката контрола и криминалистичката обработка плански и континуирано откриваат и криминалистички обработуваат носители (сигнали, извори) на оперативни информации заради разјаснување и утврдување на постоење кривични настани и нивни предизвикувачи (односно кривични дела и нивни сторители)„[25].

Ваквите научно засновани знаења за значајни теоретски и практични проблеми сврзани со оперативната дејност целосно се во функција на превентивно-репресивното справувување со криминалитетот. Тоа, впрочем, произлегува од самиот карактер на оперативно-тактичките мерки и од суштината на оперативната дејност како специфична

[24] М.М. Саздовска, М. Миколовски- „Криминалистичка тактика 2„- Факултет за безбедност, Скопје
[25]М. Ангелески, З.Димовски, Криминалистичка тактика 1, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

дејност на МВР, со која плански, перманентно и самоиницијативно се прибираат разновидни индиции за појавни облици на криминални напади во сите области на криминалитетот.

Доволен е макар и површен поглед врз концепцијата на овој обид за дефинирање на теоријата за оперативната дејност за да се согледа дека поимното одредување се засновува врз повеќе елементи произлезени од досегашниот развој на криминалистичката наука. Така, несомнено е дека ова становиште го засновуваме врз следниве научно верификувани ставови:

1) теоријата за оперативната дејност според својата суштина се слева во теоретскиот систем на криминалистиката, а како посебно криминалистичко учење извира од пазувите на криминалистичката тактика како еден од потсистемите на криминалистичката наука;

2) суштината на оперативната дејност произлегува од комплексот оперативно-тактички мерки што создаваат систем од тајни и јавни вонпроцесни оперативни дејствија, чие активирање (одделно на ниво на тактички начини или заедно на ниво на тактички комбинации или криминалистички операции) ја наметнува секоја дадена тактичка ситуација при водењето на оперативниот предмет;

3) носители на оперативната дејност се органите за внатрешни работи, кои (согласно со Законот за кривична постапка, Законот за внатрешни работи и интерните полициски прописи) ја вршат оваа специфична работа за справување со криминалитетот;

4) освен оперативно-тактичките мерки, во завршната фаза од оперативната дејност, т.е. во криминалистичката обработка, се преземаат и кривично-процесни дејствија (овде се мисли на т. н. итни истражни дејствија што не трпат одлагање), и тоа одделно, паралелно или заедно со вонпроцесните оперативни дејствија во вид на тактички комбинации или операции;

5) комплексниот систем од оперативно-тактички мерки се спроведува самоиницијативно, систематски и перманентно според начелото на методично и планско постапување, како и според другите криминалистички начела;

6) се прибираат носители на оперативни информации заради откривање и

спречување кривични дела и нивни сторители[26].

Откривањето и разјаснувањето кривични дела, како и разоткривањето сторители на кривични дела, претставуваат сегмент од борбата за справување со криминалитетот. Сето тоа има одраз врз состојбите не само на криминалистичко-профилактичен, туку и на поширок општествен план. Историскиот развој на криминалистичката наука покажува дека за градење успешна и делотворна организација и стратегија за навремено откривање кривични дела (криминалната феноменологија е неверојатно богата и детерминирана од општествено-економските услови и од промената во општествената структура во секое дадено општество), како и за постигнување на засега недостижната цел - искоренување на криминалитетот или, пак, негово сведување на релативно помал обем, покажува дека во организационо - тактичка смисла е потребен избор и планирано и координирано преземање на криминалистичко-технички средства, тактички начини и научни или практично засновани методи (односно систем од оперативни и кривично-процесни дејствија) што ќе создадат услови и ќе доведат до поволни тактички ситуации за оптимално одвивање на криминалистичко-спознајниот процес. За тоа која мерка или дејствие (односно кој систем од дејствија) ќе се „активира“ за решавање на некоја конкретна криминалистичка задача зависи од секоја дадена тактичка ситуација.

Неопходноста од подоследна алгоритмизација на откривачкиот процес, во кој за решавање често пати се наметнуваат, исто така, сложени и комплексни тактички задачи кои бараат мултидисциплинарен пристап и висок степен на стручност, налага потреба во борбата против криминалитетот и во потрагата против сторителите на кривични дела да се применат и разработат не само одделни, туку цел систем од различни дејствија, научно-технички средства, методи и тактички начини за остварување на превентивно-репресивните цели на таа борба.[27]

Може да се рече дека основа на борбата против криминалитетот (откривањето кривични дела; потрагата по сторители на кривични дела, како и нивното откривање, фаќање и приведување кон кривична санкција) претставуваат оперативно-тактичките мерки, односно оперативната дејност (криминалистичката контрола и криминалистичката обработка), која, како цел еден заокружен систем, тие ја сочинуваат. Преку оперативно-

[26]Ibid
[27] Методија Ангелески, Криминалистичка тактика, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2003

тактичките мерки се прибираат оперативни информации (во понатамошната - кривична постапка евентуално преточени во доказни информации).

Со активирањето на оперативни дејствија за откривање и разјаснување на непознат кривичен настан и негов предизвикувач (но истовремено и за жртвата), односно за откривање на кривичното дело на кое што упатува тој кривичен настан и за откривање и пронаоѓање на сторителот на тоа кривично дело, во рамките на откривачкиот процес на оперативно-тактичко ниво се откриваат и пронаоѓаат криминалистички објекти како можни носители (т. е. сигнали, извори) на оперативни информации[28]. Тие сигнали (кои се предизвикани со чинот на извршување на кривичното дело) можат да бидат :

1) реални - материјални (тоа се предметите и трагите од кривичното дело); и

2) персонални - „идеални" (сеќавања на сторителот на кривичното дело или на неговите помагачи; сеќавања на жртвата и на другите сведоци).

Сигналите во себе носат информации за кривичното дело и за неговиот сторител, а нивната содржина се открива и потоа криминалистичко-технички и тактичко-методично се обработува (се толкува, се дешифрира) со најприкладни оперативно-тактички и криминалистичко-технички мерки и дејствија, кои во предистражната постапка ги преземаат органите за внатрешни работи заради превентивно-репресивно справување со криминалитетот. Резултатите од оперативно-тактичките мерки, со оглед на нивниот вонпроцесен карактер, имаат оперативно значење, кое претендира во натамошното криминалистичко постапување квалитативно да прерасне во информација со доказно значење.

Оперативно-тактичките мерки ги определувам како оперативни (вонпроцесни) дејствија или цели зафати во оперативната дејност (во криминалистичката контрола и криминалистичката обработка), со кои заради разјаснување на некој кривичен настан се откриваат и криминалистички се обработуваат носители (сигнали, извори) на криминалистички (оперативни) информации и нивната содржина (т. е. обликот, квалитетот и другите карактеристики на самите информации), а според содржината и значењето за откривање и спречување на криминалитетот имаат репресивен и превентивен карактер.[29]

---

[28] Ibid

[29]М. Ангелески, Оперативна криминалистика, Скопје 2003

Откривањето и проучувањето на кривичниот настан и на неговиот предизвикувач (кои, според прибраните индиции, упатуваат на постоење на конкретен појавен облик на начин на извршување на конкретно кривично дело и „обележуваат“ одредено лице како сторител на тоа кривично дело), односно откривањето на потенцијални и латентни сигнали и информации во криминалистичко-спознајниот процес, во практиката се остварува преку разновидни оперативно-тактички мерки кои што оперативниот работник ги планира и ги презема во рамките на оперативната дејност.

Оперативниот работник, работејќи по конкретен оперативен предмет, самоиницијативно прибира почетни (макар и најслаби) индиции за кривичниот настан, за неговиот предизвикувач или за настанатите последици (видот и другите својства на жртвата). Кривичните настани можат да бидат веднаш познати и очигледни, но и притаени, така што е потребно располагање со минимален фонд од основи на сомненија (да постојат барем две индиции како неопходен услов за поставување оперативни верзии за толкување на кривичниот настан). А до индиции се доаѓа токму со помош на оперативно-тактичките мерки.

Со оперативно-тактичките мерки се прибираат неопходни првични информации за секој посебен кривичен настан. Функционирањето на оперативно-тактичките мерки во практиката се остварува како цел еден систем. Структура на системот ја сочинуваат сите оперативни дејствија (и нивни тактички начини, тактички комбинации и тактички операции) неопходни за расветлување кривични дела и за разоткривање сторители на кривични дела. Кој било начин на дознавање може да биде повод за започнување на оперативно-тактичката дејност (со активирање на една или повеќе оперативно-тактички мерки). Интензитетот и изборот на оперативно-тактичката мерка се во директна зависност од создадената соодветна тактичка ситуација и од индивидуалноста на оперативниот предмет.

## 2.2. Степенување на сомнежот како клучна алка за активирање на оперативно-тактички и истражни дејства

Криминалистичкото постапување на овластените службени лица можеме да го дефинираме како еден вид постапка или процедура со јасно дефинирана цел. Во таа смисла, криминалистичкото постапување, како систем на општи криминалистички и

истражни акции и мерки, има цел успешно завршување на секој оперативен предмет изразен како кривично дело и пронаоѓање на неговите сторители. Притоа, криминалистичката процедура се темели на постоење на некој од можните облици на сомневање. Сомневањето, значи, и понатаму е темелна основа за секоја криминалистичка процедура. Меѓутоа, тоа и не е само појдовна точка на криминалистичката процедура, туку тоа го следи и целиот тек, од самиот почеток, па сè до нејзиното завршување. Сомневањето, притоа, во одредени фази на криминалистичката процедура, има различни форми кои се разликуваат по различни степени на веројатност. Степенувањето на сомневањето претставува негов континуитет во криминалистичката процедура. Затоа, во литературата и во практиката се сретнуваат следниве облици на сомневање: општо сомневање, основи на сомневање, основано сомневање, оправдано сомневање, потоа далечно, блиско, лесно, тешко, итно, помалку веројатно, веројатно, поверојатно, веројатно кое се граничи со сигурност, нужно сомневање, итн. Меѓутоа, Законот за кривична постапка во своите одредби предвидува, но не дефинира постоење, само основа на сомневање и основано сомневање. Во литературата, основа на сомневање и основано сомневање се сметаат за исклучиво теоретски проблем и задача за дефинирање од страна на криминалистичките и кривично-процесните теории. Затоа, најпрво ќе биде дефиниран поимот на криминалистичкото постапување, т.е. криминалистичката постапка, а потоа ќе се анализираат формите на сомневање во криминалистичката процедура во однос на степенот на веројатност, тргнувајќи од сомневањето како општа категорија, преку основи на сомневање до основано сомневање и основани сомневања во конкретна смисла.

За да појдеме кон истражување на конкретно сторено кривично дело, потребно е преку кој било начин, дознавање за кривично правен настан, за да добиеме сознание за тоа дека познат е барем еден чинител на криминалистичкиот триаголник, па со примена на соодветни криминалистичко-тактички методи и средства, да дојдеме до сознанија за сите аспекти на делото. Тоа би било во ситуација кога би ги осознале сите валидни податоци за местото на извршување, за сторителот на делото, како и за жртвата на тоа дело. Ваквиот начин на постапување на полициските служби е реактивен. Меѓутоа, погрешно е разбирањето дека со откривањето, докажувањето и расветлувањето на сите детали на одредено кривично дело, полициската работа се завршува. Секое поединечно извршено кривично дело, доколку се доведе во корелација со други извршени дела од ист вид, може

преку анализа да се воочи проблемот којшто бил есенцијален и кој довел до извршување на повеќе кривични дела. Доколку се осознае проблемот, тогаш можеме да кажеме дека правилно постапуваме и го следиме вистинскиот оперативен пат.[30]

Доколку, пак, криминалистичката анализа се насочила, како на комплексот на кривичното дело и сторителот, така и на комплексот на проблемите (непосредните причини и услови) кои стојат во заднина, би се добила основа за проактивно постапување на полицијата. Така, во првиот наврат би се собирале податоци и со криминалистичката анализа би го опфатиле конкретното кривично дело, од аспект на идентификација на сторителот, местото на извршување и жртвата на настанот. При оваа анализа, би се барал одговор на деветте златни прашања на криминалистиката.[31] Во следниот зафат, преку анализата би се согледале условите кои придонеле за реализација на делото. Така, би се согледале проблемите кои довеле до извршување, а тие сега би се анализирале од социјален, криминолошки, психолошки и организациски карактер. Со ваквата анализа, а за да може да се стави во функција проактивниот начин на работа, треба да постои прашалник за внесување на податоците во информатичкиот систем. На тој начин, ќе се поставaт основите за натамошните анализи и овој начин на работа е својствен за тактичкото ниво на постапување.

Додека на тактичко ниво на криминалистичката анализа се истражуваат податоци за конкретно кривично дело, на стратешко ниво се анализираат податоците за одредена појава како целина, односно, се истражуваат поединечни кривични дела, учесниците, жртвите на кривичните дела, извршителите, спецификите на местото на извршување[32]. На ова стратешко ниво на анализа, добиените одговори на деветте златни прашања на криминалистиката, податоците од криминолошки, социјален, психолошки аспект се подигнуваат на ниво на статистички показатели, кои, пак, преку споредување и анализа ќе претставуваат основа за стратешка анализа на поединечни видови кривични дела. Сите податоци се ажурираат во соодветни прашалници и се депонираат во соодветен

[30]М. Ангелески, З. Димовски- Криминалистичка тактика 1, Факултет за безбедност-Скопје, 2019
[31]В. Водинелиќ, Криминалистика, Крагуевац, 1985
[32]З. Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

информатички систем.[33] Основната цел е, преку споредување на параметрите кои стојат во заднината на кривичното дело (проблемите кои довеле до извршување на кривично дело), да се создаде основа за развој на проактивните криминалистички мерки и дејства, па оттаму ќе може контролата на криминалитетот да се насочува на сите страни на посочениот криминалистички триаголник. Преку таквиот пристап, ќе се осознаваат проблемите кои биле присутни при извршувањето на кривичните дела и ќе може да се оствари превентивен и репресивен пристап на полицијата, заедно со повеќе општествени фактори, кои можат да делуваат во правец на намалување на појавувањето и практикувањето на извршување кривични дела.

## 2.3. Поим за криминалистичка процедура при оперативно работење

Со цел откривање на кривичните дела и нивните сторители, поради обезбедување на материјални и лични докази, субјектите за спротивставувањето на криминалитетот применуваат низа општи криминалистички и истражни дејства и мерки[34]. Редоследот и постапката за применување на општите криминалистички дејства и мерки во процесот на откривање и докажување на кривичните дела и пронаоѓање на нивните сторители, однапред е одреден според околностите на случајот, правилата на криминалистичка тактика и техника и одредбите на позитивното кривично законодавство.

Ваков систем, поточно целина на криминалистичко постапување во истражувањето на криминалитетот, претставува оперативна криминалистичката процедура. Криминалистичката процедура претставува криминалистичко истражување на фактите и околностите кои директно или индиректно укажуваат на постоење кривично дело или сторител.[35] Како што веќе е истакнато, криминалистичкото истражување се одвива на два начина: преземање општи криминалистички (неформални) и доказни (формални) дејства и мерки. Системот на криминалистичко постапување и истражување на кривични дела треба, од првите информации, со темелна примена на неформални и формални дејства и мерки, да доведе до доказни индиции и докази во формална процесна смисла врз основа

---

[33]Проф. д-р Антон Дворшек, Криминалистичка стратегија во теоријата и праксата, Зборник на трудови, Виша школа за внтрешни работи, Бања Лука, 2005 година. ВаковинформатичкисистемодпреднеколкугодиниеинсталиранивоМВРнаРМ.

[34]Методија Ангелески, Криминалистичка тактика, Универзитет "Св. Кирил и Методиј", Скопје, 2003.

[35]Модли Душко, Петровиќ Бранислав, Корајлиќ Ненад: Вовед во криминалистика, Сараево, Факултет за криминални науки, 2004, стр. 135.

на која е можно донесување судска одлука на главниот претрес. Истражувањето на кривичните дела во криминалистичката процедура, како систем на дејства и мерки, се одвива во двете фази на криминалистичката процедура: преткривична постапка и кривична постапка (истрага). Првата фаза (преткривична постапка) речиси исклучиво е во надлежност на полицијата и тужителството и има хеуристички карактер, додека другата фаза е во надлежност на судството и има силогистички карактер[36].

Криминалистичката постапка има цел најпрво да утврди дали во конкретниот случај станува збор за кривично дело, потоа се собираат сите информации и докази кои укажуваат на сторителот на кривичното дело и како крајна цел – откривање и пронаоѓање на сторителот на кривичното дело. Предмет на криминалистичката постапка е откривање на непознатото, т.е. разрешување на конкретен кривично-правен настан, со што се добива одговор на деветте златни прашања на криминалистиката. Спроведувањето на криминалистичката процедура, пред сѐ, е условено со ситуацијата на местото на кривичниот настан. Ситуацијата на местото на криминалниот настан е резултат на делувањето на сторителот, жртвите и околината за време на извршувањето, за време на траењето и по неговото извршување.[37] Затоа, при преземањето мерки во првиот зафат, неопходно е да се направи мисловна конструкција на конкретното кривично дело од аспект на извршувањето на кривичното дело: фазата пред извршувањето на делото (ante delictum), фазата на извршувањето на кривичното дело (tempore delicti) и фазата по извршувањето на кривичното дело (post delictum) [38] , и преку анализирање на расположливите информации, нивно генерализирање и меѓусебно поврзување со кривичниот настан, да се дојде до конструирање на криминалистички верзии. Верзиите се мисловни конструкции (претпоставки) за кривичното дело или за сторителот, кои се составуваат врз основа на индиции, односно собран оперативен материјал, чија основаност се потврдува или се одрекува во текот на понатамошниот оперативен план или криминалистички обработки.[39] Врз основа на добиените информации, треба да се заклучи

---

[36] М. Ангелески, З. Димовски- Криминалистичка тактика 1, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

[37]З. Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

[38]Методија Ангелески,Оперативна криминалистика, Издание на авторот, Скопје, 2005 (учебник).

[39]Според Шукулиќ Милан: Увид и криминалистички верзии, Белград, 1998, стр.142

дека криминалистичката обработка, како потсистем на криминалистичката процедура, има многу голема и важна улога во криминалистичкото истражување на кривичните дела.

Криминалистичкото истражување е поврзано со факти и докази во врска со кривичното дело и неговиот сторител, и претставува ретрограден процес, т.е. тргнува од последиците на кривичното дело според неговите докази. Затоа, во спроведувањето на криминалистичката постапка мора да се обрне големо внимание на главните компоненти на криминалистичката процедура: [40] набљудување (надгледување); мислење; практика – знаење, анализирање, преземање дејствија.

Врз основа на наведеното, можеме да заклучиме дека криминалистичката постапка е постепен и степенуван процес, кој започнува со согледување на проблемите, по што следи собирање и системско анализирање и набљудување информации, како и нивно потврдување. Криминалистичката постапка секогаш започнува со некој облик на сомневање, а завршува со материјална вистина. Таа трансформација од почетен, најнизок степен на сомневање до најизвесен облик на вистина, како што веќе е истакнато, претставува континуитет на сомневањето во криминалистичката постапка. Со оглед на степенот на веројатност, во текот на криминалистичката постапка може да се појават следните облици на сомневање: општо сомневање, основи на сомневање, основано сомневање, основано сомневање во вистинска смисла.[41]

### 2.4. Извори на сомневање и постапност во оперативната дејност

Во делот на собирање на информации членот 42 од Законот за внатрешни работи на РМ[42] предвидува дека полицискиот службеник собира информации во непосредни разговори со граѓани во врска со казниви дела кога постојат основи на сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е извршено казниво дело, а постои основано верување дека граѓанинот има сознание за околности во врска со тоа казниво дело. Граѓанинот не е должен да ги даде бараните информации на полицискиот службеник. Ако со откривањето на идентитетот на граѓанинот од кој се собрани информации, истиот или друг граѓанин се изложи на сериозна опасност по животот, телесниот интегритет,

[40]Модли Душко, Петровиќ Борислав и Корајлиќ Неџад: Вовед во криминалистика, Сараево, Факултет за криминални науки, 2004, стр. 143.
[41]М. Ангелески, Криминалистичка тактика, ФОН, 2012
[42]Закон за внатрешни работи, ,,Сл. Весник на РМ,, бр.114 од 2010 година

здравјето, или имотот, полицискиот службеник е должен да преземе мерки за прикривање на идентитетот на тој граѓанин. За преземените мерки полицискиот службеник е должен веднаш да го извести непосредниот раководен работник. Ако постојат основи на сомневање дека е сторено кривично дело кое се гони по службена должност или се подготвува негово сторување, а полицијата тоа дело не може поинаку да го открие, спречи или докаже или тоа би било сврзано со одредени тешкотии, полициските службеници можат да собираат информации од граѓанин како прикриени извори на податоци. Полицискиот службеник собира известувања по налог на јавниот обвинител или судот во согласност со закон. Полицискиот службеник во врска со казниви дела собира информации и од државни органи и правни лица.

Целта на водењето на информативниот разговор е добивање на што повеќе правно релевантни факти, потенцијални непосредни докази и индиции. Преку него, како што напомнав треба се настојува да се добијат одговори на деветте златни прашања на криминалистиката[43], да се добијат одговори на тоа кои биле очевидци на настанот, кој може да има или има некакви сознанија за кривичниот настан (да се добијат податоци дали тој настан претставува кривично дело), за сторителот или сторителите, трагите, предметите, за индицијалните факти како и за информации за проверување на алиби во понатамошната постапка. Преку разговорот ќе се бара да се идентификуваат други лица кои ќе бидат испитани или сослушани во постапката која следи во одредено својство (сведоци, осомничени, жртви). Добиените податоци од разговорите кои ги вршат оперативните работници на ОВР, иако вонпроцесно, им помагаат на Јавниот обвинител, при донесување на одлука за поднесување на барање за спроведување на истрага, и на истражниот судија, при донесување на одлука за поведување на истрага, а во рамки на истрагата служи како основа за ориентација при испитување на обвинетиот и сослушување на сведоци.

Како што се наведува во чл. 142 разговорот е дејство од неформална природа, што доведува до заклучок дека и самите податоци, изјави добиени преку разговорот имаат неформална природа. Поаѓајќи од широките овластувања кои позитивните законски прописи им ги ставаат во надлежност на Органите за внатрешни работи, им даваат широк простор за преземање на постапки за кои ОВР смета дека во дадениот момент се

[43]В.Водинелиќ- Криминалистика, Белград, 1985 год.

најцелисходни и најделотворни. Таа слобода во преземањето на активностите не треба да значи апсолутно слобода, туку неограниченост и нешаблонизираност во процесот на преземањето на оперативно- тактичките мерки и дејства. Поради тоа отсуствува една строга законска рамка на активности кои треба да се преземаат во различни оперативни ситуации.

Од самиот дознавање за одредена кривично- правна ситуација, оперативните работници наидуваат на „сурови“ услови за работа. Се започнува со оперативно-криминалистичка дејност на ОВР во функција на осознавање на конкретниот настан, се собираат сознанија, податоци и докази, а законодавецот не им наметнал една форма по која ќе постапуваат за да дојдат до саканата цел, иако во голем број на случаи иницијативата за почеток на истражување на одредена појава, настан или случај може да потекне и од јавниот обвинител, како овластен орган. Информациите кои се собираат од граѓаните се користат за оперативни цели, имаат оперативно насочувачка функција, а понатаму служат за утврдување на правно- релевантни факти и докази. Инаку сознанијата добиени од граѓаните како такви во преткривичната постапка немаат формална вредност. Но, за оперативните потреби се многу значајни затоа што претставуваат индиции за поставување на верзии во текот на оперативната активност, при собирање на материјални докази, утврдување на други факти , планирање и преземање на оперативно-тактичките мерки и итните истражни дејства.

Но, од друга страна, одредени дејства кои се преземаат во преткривичната постапка се земаат како доказен материјал во фазата на кривичната постапка. Тоа значи дека не постои јасна дистинкција до каде се оди во оперативно- тактичките мерки и дејства и не се одредува нивната форма, кога може да се смета дека е завршена едната фаза, во смисла на прифаќање или отфрлање на одредени дејства како докази во кривичната постапка. Од друга страна пак не може да се земе дека се она што е завршено во оперативно- тактичката фаза на работен ангажман на ОВР дека треба да се стави во функција на доказ. Исто се случува и со водењето разговори со различни категории на лица, затоа што ако тоа биде прифатено кривичната постапка би ја изгубила својата формална страна. Своите наводи, наоѓања, констатации ОВР ги претставува во формален акт - кривична пријава. Но кривичната пријава не претставува доказен материјал, а во неа се наведуваат сознанија до Јавниот обвинител за кривично дело и за извршител на тоа дело. Тоа значи дека

кривичната пријава не може како таква да се употреби како доказ, да се чита на главната расправа и судот на основа на наводите во истата да донесе пресуда. Значи дека кривичната пријава информира и укажува на постоење на кривично дело, сторител и на други правно релевантни факти. Таа мора да содржи битни кривично- правни факти. Материјалот собран од страна на ОВР не се внесува во кривичната пријава туку се доставува со неа. Во прилог на кривичната пријава се доставуваат предмети, скици, фотографии, извештаи, списи за преземените мерки и дејства, службени белешки и други материјали, кои се од корист на водењето на кривичната постапка.

Во ваквите материјали се доставуваат и службените белешки од обавени разговори со лица. Во претходните периоди се земаа изјави од секое лице со кого се разговарало, напишани со ракопис на испитаникот и со негов потпис. Таа пракса се надмина и сега за правно релевантни факти кои ќе произлезат од разговор со лица, кои располагаат со податоци и сознанија за одреден настан се нотира во службена белешка оформена од страна на ОСЛ кое го водело разговорот и се избегнува пишување на целиот тек на разговорот туку се внесуваат само правно- релевантни факти.

ОВР ја поднесува кривичната пријава до јавниот обвинител. Тој ја разгледува истата и има можности да поднесе барање за спроведување на истрага до јавниот обвинител. Јавниот обвинител и судија во претходна постапка своите наводи за покренување на формална кривична постапка ги темелат на основ на доставената кривична пријава и материјалите во прилог на истата. Тука се проценуваат постапките и преземените оперативно- тактички мерки и дејства, но се употребуваат и службените белешки од обавените разговори. Во понатамошниот тек од постапката, доколку биде покрената, јавниот обвинител повторно ги сослушува сите лица посочени во кривичната пријава и согласно нивните изјави гради проценка за натамошната постапка, а изјавите дадени пред судија на претходна постапка претставуваат доказен материјал.

Од првото сознание дека е извршено кривично дело, треба аналитички пристап. Во рамката на другите верзии кои се поставуваат, постојат и верзии за тоа кој и што би можел или би требало да знае за фактите важни за утврдување на фактичката состојба и околностите пред, за време и по извршување на делото, сврзани со конкретното кривично дело и сторителот. Затоа треба да се пристапи кон проверување на таа верзија, да се осознае, открие, пронајде или да се утврди каде се наоѓаат лицата кои нешто знаат или би

можеле да знаат, а што би било од корист за успешно водење и завршување на оперативната дејност и кривичната постапка.

За да се добијат информации, особено за современите форми на организирани форми на криминалитет, каде пристапот до извори на информации е доста ограничен, потребна е долга и макотрпна дејност на органите за спроведување на законите и примена на систем од мерки и активности кои се од проактивна природа и спроведување на анализи за севкупните дејствија и трендови на одреден тип на криминалитет. Соочувајќи се со проблемот на организираниот криминал, современите полициски и оперативни служби, согледувајќи намалена можност за пристап и користење на информации пристапиле кон создавање на систем од мерки и активности кои се дел од криминалистичко разузнавачкиот процес.

## ТРЕТ ДЕЛ

# 3. КРИМИНАЛИСТИЧКО РАЗУЗНАВАЧКИ ПРОЦЕС

## 3.1 Вовед

Улогата на криминалистичкото разузнавање е клучна во работењето на организациите кои спроведуваат закон. Ефективната примена на криминалистичко разузнавачкиот процес може да ја означи разликата помеѓу успешното и неуспешното работење на организацијата.

Генералната мисија на криминалистичкото разузнавање е да собира знаење кое се однесува на поединци или групи кои се инволвирани во криминални конспирации со цел да се разбере како тие функционираат, да се опишат нивните моментални активности, и да се предвидат активности кои тие во иднина би можеле да ги преземат. Криминалистичко - разузнавачкиот процес ги интегрира релевантните информации во логичен редослед, ги анализира и произведува заклучок, проценка или спречување на криминал.

## 3.2. Поим на разузнавање и криминалистичко разузнавање

Постојат многу дефиниции на разузнавањето.[44] Зборот ‘разузнавање’ може да се употреби за да се опише процесот на толкување на информациите за да им се даде значење. Разузнавањето може да се опише и како ‘обработени информации за цели на спроведување акции’. Разузнавањето секогаш вклучува степен на толкување на податоците, што резултира со неизбежен степен на шпекулација и ризик. Разузнавањето вклучува изјави за факти и наоди кои се резултат на користење логика во однос на релевантните факти. Разузнавањето не претставува израз на мислења или примена на традиционални начини на гледање на работите. Тоа мора да бидат информации кои го подобруваат работењето на службите за постигнување на нивните цели. Со тоа автоматски се исклучуваат работи како оговарања, инсинуации и интуиции.

Постојат многу митови и недоразбирања околу разузнавањето. Тоа не е исто што и ‘шпионирање’, но може да користи информации од ‘шпионирање’. Не се работи дури ни

[44]Иако Националниот модел на разузнавање на Обединетото Кралствона ,,разузнавањето,, гледа како на бизнис модел со инпут ин резултати, другите органи за спроведување на законите на тоа гледаат како на производ.Повеќе за разузнавањевиди кај А. Стаменковски- Основи на разузнавањето.

само за ‘тајни’ информации, иако најголемиот дел од разузнавачките работи се тајни. Разузнавањето користи легални, полулегални и тајни податоци, извори и активност во функција на давање на одговор на побарувачите[45].

Разузнавањето е првиот чекор кон обезбедување докази во кривичната истрага кои се прифатливи и може да се искористат во судскиот процес. Спроведувањето на законот и разузнавањето се две различни активности и имаат различни правила, цели, извори и методи, како и различни стандарди во поглед на квалитетот на информациите што ги прибираат. Традиционално, органите за спроведување на законот (law enforcement) прибираат информации за да изградат случај врз основа на кој криминалците може да се гонат на суд и да се испратат во затвор.

Со текот на годините, резултатите од разузнавањето си нашле примена во кривичните истраги, поради тоа што не сите истраги може да се решат со традиционални, конвенционални методи на истрага. Според тоа, може да се јави потреба од разузнавачка операција во случаи кога постојат малку или никакви докази. Често, случаите се решаваат преку информациите што ги доставуваат соработниците. Во други случаи, за да се обезбедат докази, потребно е да се следат осомничените или да се набљудуваат објекти. Тајните операции се ризични, но понекогаш неопходни за да се уловат професионалните прекршители на законот. Со едноставни зборови кажано, разузнавањето е откривање на она што е потребно да се знае во врска со криминалот, затоа што на одлучувачките структури им се потребни сознанија кои се фокусирани на одлуките кои треба да ги донесат за целите на спроведување на законот, т.е. информации кои се точни и им го кажуваат тоа што треба да го знаат.

Организираните криминални групи кои, спротивно на полицијата, често се ослободуваат од неограничените ресурси, станаа се пософистицирани во своите методи, поради што за органите за спроведување на законот е сé поважно да ги нарушат или да ги уништат нивните структури отколку само да апсат поединци. Меѓутоа, обидите да се нарушат или уништат криминалните мрежи нема да бидат ефективни или ефикасни, освен доколку значително обемните информации не се преточат во разузнавачки информации кои полицијата може да ги искористи. Потоа, разузнавачките информации претставуваат

[45]Обрен Ђорђевиќ- Основи на државната безбедност, Београд, 1982 год.

солидна основа од која може да се влечат ефективни заклучоци и во поглед на стратегиското размислување и во поглед на оперативните активности.

Еден од предизвиците за органите за спроведување на законот е да развијат практични политики во поглед на разликите меѓу темелното прибирање разузнавачки информации и кривичната истрага, т.е. намалување на преклопувањето и сивата зона помеѓу двете.

Анализата на разузнавачки информации е клучна во напорите да се откријат, одвратат и спречат криминалците, а и во желбата да се подобри безбедноста на заедницата и квалитетот на животот во овие времиња на зголемена внимателност и безбедност.[46]

Што претставува криминалистичкото разузнавање?

Криминалистичкото разузнавање претставува работење со поврзани и неповрзани веродостојни факти кои подвргнати на анализа- анализирани можат да го откријат планирањето, подготовката, извршителите, изведувањето и профитот на кој било вид на илегална активност и се употребуваат да се откријат, предвидат, забранат, дестабилизираат и контролираат активностите на организираниот криминал, а со цел самото криминалистичко разузнавање да влијае на организираниот криминал и да помогне во кривичното гонење на криминалните дела.

Но, пред тоа со цел добивање на вистинска слика треба да се обидеме да дадеме упатства кои активности спаѓаат во криминалитет и организиран криминалитет. Во овој дел намерно не споменувам дефинирање на криминалитет и организираниот криминалитет. Најкратка дефиниција за криминалитет би била дека криминалитетот е вид и опсег на злосторничката дејност; збир на сторени кривични дела. За организиран криминалитет унифицирана и општоприфатена дефиниција не постои. Ова е ист случај како и кај тероризмот каде исто така не постои една унифицирана и меѓународно прифатена дефиниција[47]. Ваква ситуација имаме поради разноликоста на појавните облици, идеолошките толкувања на појавите и невоедначената правна рамка за овие две општествено девијантни појави. Сепак научната мисла не се задржала само на констатацијата дека не може да се дефинира организираниот криминалитет, туку во

---

[46]Тони Диксон, '"модел на управување со разузнавачки информации за Европа-фаза 1: Упатства и стандарди и најдобри пракси во рамките на функцијата на анализирање", Шкотски полициски колеџ 2003. Авторот е менаџер а обука во Шкотскиот центар за обука за разузнавање и анализа (СЦИАТ).
[47]Злате Димовски- Тероризам, Графотранс, Скопје, 2007

потрага на дефиниција голем број на автори давале свои видувања, а други ги давале основните параметри по кои одредена појава би можела да се подведе под организиран криминалитет. Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминал [48] дава широка дефиниција на организираниот криминал и организирани криминални групи, кои се состојат од широк спектар на различни криумчари и трговци и нивните мрежи.

Членот 2 (а) од « Конвенцијата на ОН против транснационално организираниот криминал «  ги дефинира транснационалните организирани криминални групи како: "структурирана група од три или повеќе лица, која постои одреден временски период и дејствува во согласност со целта на извршување едно или повеќе сериозни кривични дела или прекршоци утврдени согласно оваа Конвенција, со цел директно или индиректно да се стекнат со финансиска или друга  материјална корист."

Ова е збиена форма на списокот од 11 критериуми за организиран криминал утврдени и од страна и на Европската Унија (ЕУ) и на Советот на Европа. Организираниот криминал ги вклучува и криминалните организации и криминалните активности што тие ги извршуваат и со тоа претставува нешто поширок концепт од концептот на 'организирани криминални групи', кој е опфатен со Конвенциите.

Според ЕУ и Советот на Европа, постојат четири задолжителни критериуми за организираниот криминал:

- соработка меѓу три или повеќе лица;
- активност во текот на подолг или недефиниран период;
- осомничени или осудени за вршење сериозни кривични дела;
- во потрага по профит или моќ.

Освен тоа, постојат неколку опциони критериуми, од кои мора да се исполнети два за една организација и нејзините активности да се категоризираат како организиран криминал:

- да се одредени конкретни задачи или улоги за секој член;
- да користи некаква форма на внатрешна дисциплина и контрола:

[48] Резолуција 10/1 од 2000 година. Конвенцијата е дополнета со три протоколи, кои се насочени кон конкретни манифестации на организиран криминал: Протокол за спречување, сузбивање и казнување трговија со луѓе, особено со жени и деца; Протокол против криумчарење мигранти по копно, море и воздух; и Протокол за борба против недозволено производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција

- да применува насилство или други средства погодни за заплашување;
- да влијаат врз политиката, медиумите, јавната администрација, органите за спроведување на законот, судството или економијата, со корупција или други средства;
- да користи комерцијална структура или структура слична на претпријатие;
- да биде вклучена во перење пари;
- да работи на меѓународно ниво.

### 3.2.1. **Основни принципи на прибирање информации:**

- да се прибираат информации од криминална природа на разни легални начини;
- при прибирањето на информациите да се обезбеди почитување на човековите права и слободи;
- да се прибираат информации за превенција на криминалитет или помагаат во решавање на кривични- правни настани;
- да се чуваат информациите во строга тајност и според начелото на законитост;
- да се заштитат изворите на информациите;
- да се оневозможи употреба на кривичните информации за политички цели;
- да се проверуваат информациите во однос на нивната веродостојност и законски да се уништуваат неверодостојните информации;
- да се почитуваат законските основи за ракување, употреба и дистрибуција на информациите согласно нивната класифицираност[49].

### **3.2.2. Нивоа на класификација на информации**

- Доверливите информации често се обвиткани со многу мистерија. Главната разлика меѓу доверливите и недоверливите информации е таа што првите содржат информации за ‘изворите и методите’.
- Класификацијата е чин или процедура со која се проценува една информација и и се назначува ниво и времетраење на рокот за тајност во согласност со релевантниот закон.

[49]З. Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

- ‘Ниво на класификација’ значи безбедносна ознака доделена на обработен документ.
- Подолу е даден пример на класификациските нивоа, онака како што ги користи ЕУРОПОЛ.[50] Класификаците нивоа кои се применуваат во ЕУРОПОЛ треба да се подредат во однос на безбедносните мерки што се преземаат, за да кореспондираат колку што е можно повеќе со нивоата кои во моментот  се применуваат од страна на институциите во Европската Унија и со постојните меѓународни стандарди. (Класификациските нивоа на документи обработени од страна на Еуропол или преку Еуропол се регулирани во член 8 од Конвенцијата за Еуропол). Постојат четири нивоа на класификација: Интерни, Доверливи, Тајни и Врвна тајна.
- Во Република Северна Македонија постојат и се дефинирани следните класификациони шифри за класифицираните информации: интерно, доверливо, строго доверливо и државна тајна, а поместени се во Закон за класифицирани информации[51] во кого е предвидена севкупната постапка за класифицираните информации.

### 3.2.3 **Поим, функција и фази на криминалистичкото  разузнавање**

Криминалистичкото разузнавање претставува работење со поврзани и неповрзани веродостојни факти кои подвргнати на анализа- анализирани можат да го откријат планирањето, подготовката, извршителите, изведувањето и профитот на кој било вид на илегална активност и се употребуваат да се откријат, предвидат, забранат, дестабилизираат и контролираат активностите на организираниот криминал, а со цел самото криминалистичко разузнавање да влијае на организираниот криминал и да помогне во кривичното гонење на криминалните дела.[52]

---

[50]Акт на Советот од 5.6.2003 г., со која се менува Актот на Советот од 3.11.1998 г. за усвојување на правилоа за доверливост на информациите на Европол, Службен весник Ц 152, 28.6.2003г., стр. 0001-0002;
http://europa.eu.int/smartapi/cgi/sga_doc@smartapi!celexdoc!prod!CELEXnumdoc&lg=EN&numdoc=32003F0628(01)&model=lex
[51]Закон за класифицирани информации ( Сл. Весник на РМ бр. 9/2014)
[52] З. Димовски- Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

Криминалистичко - разузнавачкиот процес ги интегрира релевантните информации во логичен редослед, ги анализира и произведува заклучок, проценка или спречување на криминал. Криминалистичкото разузнавање во полицијата има за цел:

- Спречување на криминал и

- Планирање и распоредување на ресурсите.

Спречувањето на криминалот, се остварува преку развивање на криминалистичко разузнавачки продукти од информации поврзани со криминални активности на сторители.
Овие криминалистичко разузнавачки продукти полицијата ги користи за спречување на вршење на кривични дела и откривање и фаќање на нивните сторители и примена на стратегии за елиминирање или намалување на заканите од криминал.

Овие продукти се категоризираат како оперативно разузнавање, кое се употребува како основа за донесување на одлуки за преземање на директни оперативни мерки, првенствено насочена кон поединечни субјекти, лица/групи и нивните активности.

Планирањето и распоредувањето на ресурсите се остварува преку развивање на криминалистичко разузнавачки продукти за потребите на донесувачите на одлуки со кои се обезбедува информации за карактеристиките и методологиите на криминалните закани, со цел развивање на стратегии за одговор и распоредување на ресурсите.
Овие продукти се категоризираат како стратешко разузнавање, кои врз основа на проценка за криминалот овозможуваат полицијата да развие планови за распоредување на ресурсите во зависност од заканите од криминал.

### 3.3. Криминалистичкото разузнавање како процес

Улогата на криминалистичкото разузнавање е клучна во работењето на организациите кои спроведуваат закон. Ефективната примена на криминалистичко разузнавачкиот процес може да ја означи разликата помеѓу успешното и неуспешното работење на организацијата.

Заради подобро разбирање на истото првенствено е потребно да се објасни самиот модел кој во основа преставува метод на полициска работа кој овозможува со помалку средства и човечки ресурси да се постигнат поголеми и поефективни резултати со тоа што ќе се воспостави пропорционалност во однос на потребите (стратешките проценки) и средствата (тактичка проценка) кои ќе се користат во откривањето на сторителите на кривични дела –

криминалната мрежа (профил на субјект – цел) и појавните облици на криминалитет (профил на проблем), а сето тоа да помине низ еден разузнавачки процес кој во основа преставува проактивна истрага. Надополнувачки и паралелно во тој процес е и криминалистичко оперативната анализа која преку своите пред сè аналитички продукти( стратешка проценка, тактичка проценка и оперативна проценка) а и техники (анализа на ризик, чартови на врски, проток на средства и др.) ќе овозможи врз основа на веродостојни податоци да се донесат одлуки на стратешко ниво. Постои строга одделеност на криминалистичко разузнавачкиот процес и истражувачкиот процес односно надлежноста на организационите единици надлежни за истраги на кривичните дела и нивно процесирање пред судовите, кои во основа се надополнуваат. Мора да се спомене дека концептот на проактивните истраги е применлив и во истражувачкиот процес – истрагите, преку користењето на аналитичките продукти и техники од страна на обучени аналитичари во единиците за аналитичко документаристичкиот процес во рамките на Регионалните СВР. Имено, функцијата на криминалистичкото разузнавање кога е правилно имплементирана (правилно испланирана и ефектно применета) е еден од најважните средства на полицијата за детектирање, справување со (сериозниот и организираниот) криминалот. Со примена на функцијата во истражниот процес полицијата добива проактивна предност да ги открива криминалните активности а не да реагира откако криминалот е извршен. Криминалистичкото разузнавање може да биде во функција на многу постапки кои се преземаат од страна на полицијата во откривањето, попречувањето и расветлувањето на криминалот во сите негови појавни облици. Разузнавањето секогаш мора да биде работено со причина и во голем дел е поврзано со задачите кои ги извршуваат Секторите во Одделот за организиран криминал. Потребите на разузнавањето го определуваат видот и обемот на барањата кое што е поврзано со планирањето, поставувањето на приоритети и преземање на потребни активности. Овој процес мора да се фокусира на собирањето на информации во согласност со закон, да се собираат информации кои ќе бидат употребени за спречување на криминалот или за лишување од слобода на сторители на кривични дела, никогаш не смеат да се употребат за политички цели. Целиот процес на разузнавање се состои од бројни фази – насоки, на прибирање, средување, оценување, анализирање и доставување. Процес кој овозможува: Насочување и планирање при собирање на информации како резултат на стратешките потреби на Министерството; Обезбедување на правовремена информација со утврден степен на нивна веродостојност (проценка); Обезбедување на висока заштита на

изворите на информациите преку постојана контрола на процесот на создавање и користење на истите.

### 3.3.1 Разузнавачки циклус

Разузнавачкиот циклус се состои од 6 (шест) меѓусебно зависни фази:

а) Насочување;

б) Собирање;

в) Проценување;

г) Обработка

д) Анализа и

ѓ) Дисеминација (Проследување).

е) Повратна информација (фидбек)

Севкупниот принцип според кој функционираат разузнавачките системи може да биде прикажан преку „Разузнавачки циклус“[53]. Постојат шест меѓусебно зависни делови на разузнавачкиот циклус.

Овој концепт е исти за национално, регионално и локално ниво со исклучок на обемот и можеби повеќе или помалку софистицирани во зависност од количината и природата на професионалната опрема и софтвер кои ги има на располагање.




[53] Саздовска М. М., Прирачник за разузнав… Принт, 2005, Скопје

**Сл. 1 Разузнавачки циклус**

**а. планирање и насоки**

Првиот чекор се однесува на вкупното управување, почнувајќи од моментот на идентификување на потребата од податоци до конечниот чекор на испорака на разузнавачки производ до корисникот. Тоа е почеток и крај на циклусот – почеток затоа што вклучува воведување на конкретни барања за прибирање информации, а крај затоа што конечниот разузнавачки производ може да создаде потреба од нови барања.

Целиот процес зависи од упатствата на одговорните за утврдување политики (на пр., Претседателот, Премиерот, Националниот совет за безбедност и други министерства и тела на владата…), кои иницираат барање за разузнавачки активности до релевантниот орган за спроведување на законот.

Аристотел рекол нешто важно во поглед на планирањето: “Она што е добро почнато е до половина завршено.” Развојот на ефективен стратегиски план претставува “добар почеток” за борба против организираниот криминалитет. Примената на современи организациски принципи за проценка и нивното преточување на бараните резултати е од суштинско значење за успешната борба на секоја полициска организација со организираниот криминалитет.

Планирањето е активност на утврдување, организација и развој на мисли и идеи во аналоген распоред, насочена кон успешно постигнување на одреден број пожелни резултати.Планот е континуиран процес кој не престанува се додека не се постигнат бараните резултати. Во повеќето напори во поглед на планирањето, веројатно ќе мора да се направат одредени прилагодувања пред да се постигнат бараните резултати. Со други зборови, не треба да се претпоставува дека работата е завршена со тоа што планот е напишан. Промените се константа. Ништо не останува исто долго време, затоа треба и да се очекува дека ќе бидат потребни модификации. А за да се постигне оваа цел, полициските раководители мораат да бидат флексибилни, адаптибилни и иновативни.

Историјата на планирањето може да се следи околу 2.000 години, кога Кинескиот генерал Сун Цу рекол дека победата ќе настапи доколку добро се планира. При тоа ги предложил следниве пет суштински елементи за успех:

- ќе победи оној што знае кога да се бори, а кога да не се бори;
- ќе победи оној што знае да се справи како со посилни, така и со послаби сили;
- ќе победи оној чија армија го носи истиот дух во сите свои рангови;
- ќе победи оној што, откако ќе се подготви, чека да го фати непријателот неподготвен;
- ќе победи оној што има воена моќ и на кој што владетелот не му се меша во работата.

Според Аристотел, природата на една цел е подобра од средствата за постигнување на истата. Ова има смисла затоа што кога добро обмислуваме и планираме, ние правиме чекори кон создавање на побезбедно општество со многу подобра иднина. За да ја оствариме оваа задача, мораме да имаме визија за тоа како ќе изгледа крајната цел. Тоа е моментот кога почнува планирањето.

За да може да се изработи квалитетен план кој во основа ќе ги задоволи критериумите на оперативното работење а ќе биде во функција на извршување на работните задачи на планот на идентификување, попречување, оневозможување, расветлување и докажување на криминалните дела, треба да постои процес на криминалистичко разузнавање. Производот од разузнавањето ќе може да претставува база за изготвување на плановите на сите нивоа.

**б. прибирање информации**

Вториот чекор во разузнавачкиот циклус е процесот на прибирање необработени информации, потребни за доаѓање до конечни разузнавачки извештаи. Прибирањето податоци го покренува и прашањето на полициска етика и таа задача мора да се изврши со стриктно придржување до националните и меѓународните закони и начела за заштита на податоците. Во членот 42 од Европскиот кодекс на полициска етика се наведува дека ‘прибирањето, складирањето и користењето лични податоци од страна на полицијата ќе се врши согласно меѓународните начела на заштита на податоците, и особено ќе се ограничи

на степенот кој е неопходен за реализација на законски, легитимни и конкретни цели. ‘[54]Коментарот објаснува дека “употребата на новите информациски технологии во голема мера ја потпомага полициската акција против различните форми на криминалитет. “Посебно евиденцијата и анализата на лични податоци и овозможува на полицијата да врши проверки на информации и на тој начин да ги разоткрива мрежите, чие постоење би останало неоткриено без употребата на овие алатки. Со цел да се одбегне злоупотреба на правото на приватност на или други човечки права во фазите на прибирање, складирање и користење на лични податоци, таквите полициски активности мора да се водат од начелата за заштита на податоци. Во тој поглед, начелата во овој член би требало да бидат во согласност со Препораката бр. Р (87) 15 на Советот на Европа, со која се регулира употребата на лични податоци во полицискиот сектор.

Со оваа процедура се уредува начинот на собирање на информации од граѓани, претставници на државни органи и правни лица од страна на полициски службеници (ПС) во случај кога постојат основи на сомневање дека се подготвува, во тек е извршување или е извршено казниво дело или други безбедносно интересни појави и настани и откривање на нивните сторители, како и постапување со собраните информации.

- Поим за информација

„Информација“ е сознание кое може да биде пренесено во било која форма член 5 од Закон за класифицирани информации. Собирање на информации кога постојат основи на сомнение за казниво дело - собирањето на податоците, односно информациите претставува планирано, организирано и насочено собирање на лични и други потребни податоци, односно информации со цел спречување на вршење на кривични дела и прекршоци и откривање и фаќање на нивните сторители кога постои: сомневање, (“Основи на сомневање се сознанија кои врз основа на криминалистичкото знаење и искуство може да се оценат како доказ за сторено кривично дело; Основано сомневање е повисок степен на сомневање заснован врз прибавените докази кои упатуваат на заклучок дека определено лице сторило кривично дело – член 21 ЗКП. Извори на информации можат да бидат граѓани, полициски службеници, отворени извори (јавни гласила, интернет и др.) прикриени извори на информации (имформатори, ПИМ,). Граѓанинот како

---

[54]Европски кодекс на полициска етика, Препорака (2001) 10 усвоена од страна на Комисијата на министри на Советот на Европа на 19.9.2001г.

извор на информација е најзначаен, најдоверлив и најточен извор. Граѓанинот треба свесно на доброволна основа во доверливост да му дава информации за казниво дело и/или нивните сторители, а во кое нема статус на жртва, оштетен или сведок на полицискиот службеник и очекува да не му биде загрозена безбедноста и на потесно семејство.

- Начини на собирање на информации

Собирањето на информации од граѓанин се врши на следните начини:

1. непосредни разговори

2.примање на информации од граѓани по

- телефон
- писмен пат
- средства за електронски комуникации
- средства за јавно информирање
- социјални мрежи

Полициски службеник може да собере информации и со непосредно забележување.

- Поим и елементи на процесот на проценување на разузнавачки информации

Процесот на проценување на разузнавачки информации ги содржи следните три елементи:

- Проценување на веродостојноста на изворот на информација;
- Проценување на вистинитоста на информацијата и
- Доделување на ознака (код) за ракување на информацијата.

Повеќето луѓе кога ќе помислат на разузнавање, мислат на овој дел од циклусот на разузнавање. Необработените информации кои можат да се анализираат мора да се соберат од сите достапни извори. Има многу категории на извори на информации коишто ги именувавме претходно кои нудат широка можност за добивање квалитетни информации. Добиените информации, поради бројноста, опширноста и сеопфатноста т.е. неселектираноста треба да се подвргнат на средување под одреден ред, да се подредат по актуелност и согласно евалуацијата на изворите и информацијата да се даде приоритет на актуелните и наменските за соодветни истражни постапки кои се во тек со цел побрзо

нивно успешно окончување или добивање квалитетни насоки. Сето ова наведено се реализира во наредната фаза од циклусот.

**в. Обработка**

Третиот чекор на разузнавачкиот циклус претставува конверзија на огромната количина на прибрани информации во форма употреблива за аналитичарите, која се врши на различни начини, како дешифрирање, јазични преводи и редукција на податоците.

Како што појаснивме разузнавачкиот податок е информација, преработена во производ кој што може да се користи како вредност во анализата на одредена ситуација. Во ерата на информации во која живееме, преплавени сме од информации од различни видови. Навистина информацијата која ни е потребна за да се произведе разузнавачки податок може да се добие од било која страна, не е задолжително изворот да е некој стручњак или заштитен извор, туку тоа може да биде извештај од телевизија, интернет, весници и сл.

- Процес на проценување на информацијата

Сите информации кои полицијата ги користи за полициски цели, а се евидентираат во различни области (на криминал) на дејствување на полицијата потребно е претходно да поминат низ процесот на проценување на информации, кој претставува стандарден систем за проценување на изворот, околностите на собирање на информацијата и начинот на кој треба да се постапува и да биде проследена истата.

Процесот на проценување на информациите треба да овозможи конзистентност во рамките на организационите единици на полицијата и полесно споделување на информациите помеѓу истите.

Што се подразбира под проценување на информациите по системот 5*5

Овој систем претставува систем каде што се проценува изворот (Прва 5), информацијата (Втора 5) и начинот на споделување односно проследување (Трета 5- познат како код за ракување) се предмет на проценка со цел полесно споделување и донесување на соодветни одлуки за полициско постапување. 5*5 системот е алатка која и овозможува на полициската служба да постапува по чувствителни (осетливи) информации односно:

- да го процени ризикот по изворот (пр. граѓанин, техничко средство и сл.)

- да ја заштити операцијата (дејството)на која се однесува информацијата (пр. случен настан кој се расветлува, контрола обработка, акција и сл.)

- да овозможи ефикасност во преземањето на мерки и дејства од страна на полицијата ;

- да овозможи евалуирање/репроценка на изворот и потеклото на информацијата ( степенување на веродостојноста на изворот и точноста на информацијата);

-Го уредува начинот на кој треба да се постапува по добиената информација при нејзиното проследување ( на кого може да се достави, кој треба да ја знае информацијата);

Употребата на системот 5*5 претставува почеток на следење односно проверување на информацијата што претставува основен чекор на криминалистичко разузнавачкиот процес и овозможува полесно разменување на информациите помеѓу службите и полесно донесување на одлуки.Информации се проценуваат за да се утврди нивното потекло, нивната точност, нивната моментална и понатамошна важност за намените односно целите на полициското работење и утврдување какво дејство треба да биде преземено. Фазата на проценување отпочнува уште во стадиумот на примање на информацијата од страна на полициските службеници односно внесување на собраните необработени информации во оперативна информација или оперативен извештај која се доставува до организационата единица за криминалистичко разузнавање и анализа.

Што значи потекло на информацијата. "Потеклото претставува способност да се утврди веродостојноста и доверливоста на изворот и вредноста на содржината на информацијата". Потекло на информацијата значи испитување на историјата како е добиена истата и осетливоста на информацијата без разлика на начинот на кој е обезбедена (добиена) односно дали информацијата е обезбедена тајно или јавно. Проценувањето на информациите овозможува да бидат идентификувани приоритетите и да бидат преземени соодветни дејства. Овој процес претставува средство за идентификување на фактори на ризик ( или серија односно низа на ризици) кои што бараат моментално постапување или каде постапувањето може да се одложи извесно време без последици[55].

Суровата информација нас не ни зборува секогаш за она што нас ни е потребно. Често се случува релевантен разузнавачки податок да е натрупан со други детали. Со

---

[55]З. Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

развојот на технологијата разузнавачките податоци стануваат се порасиплива роба, која ја губи својата употребна вредност ако не биде на време испорачана ( во вистински момент). Улогата на оперативниот работник во овој дел е да собере и да достави разузнавачки податоци на основ на специфичните или редовни потреби, кои ќе помогнат да се дојде до финалниот производ за корисникот. За да се реализира во целост задачата на оперативниот работник тој треба :

- да идентификува корисници;
- да се идентификуваат и договорат специјалните и редовните потреби на корисниците;
- идентификација, одржување, раководење и експлоатација на изворите ;
- да се соберат, проценат и проследат информацииите;
- да се процени ефективноста на разузнавачкиот податок;
- да се испланираат и спроведат активности на основ на потребите и приоритетите на корисниците;
- да се даде придонес кон идентификација на ризикот и заканите кои произлегуваат.

Проценување на веродостојноста на изворот, претставува процес на проценка од кого е добиена информацијата, која може да се однесува на лице, служба или технички средства. Проценувањето на изворот првично го врши службеното лице кое што ја добило информацијата и истата треба да биде направена врз основа на околностите кои што се присутни. Проценката на изворот на информации мора да биде прецизна односно точна, затоа што таа ќе влијае и на проценката на самата информацијата како и на понатамошниот разузнавачки процес и проследувањето на истата .

- Проценувањето на изворот се врши на 5 (пет) различни нивоа на оценување (оценки):
- - Со оценка А – Доверлив во сите случаи;
- - Со оценка В – Доверлив во повеќе наврати;
- - Со оценка С – Понекогаш доверлив;
- - Со оценка D – Недоверлив во повеќе наврати и
- - Со оценка Е – Не може да се процени.

А – Доверлив во сите случаи

Доверлив во сите случаи, се проценува извор за кој не постои сомнеж за неговата веродостојност, доверливост и компетентност. Предметната информација се добива од извор кој во минатото се докажал за доверлив во сите случаи. Добиените информации во минатото секогаш биле сто проценти точни. Со оваа оценка најчесто се оценуваат информации добиени од технички средства пр.,примена на технички средства (пресретнување на комуникации, камери и сл.),

Б – Доверлив во повеќе наврати

Доверлив во повеќе наврати, се проценува извор од кого добиените информации во минатото во повеќето случаи се покажале дека се веродостојни. Оваа оценка најчесто се применува за информации дадени од полициски службеници, информатори, информации добиени од други агенции за спроведување на закон, обвинителствата

Ова е една од највисоките оценки и се претпоставува дека на полицискиот службеник по правило треба да му се верува, но не се оценува со „А„ затоа што на секој човек, па и на полицискиот службеник му влијаат одредени објективни и субјективни околности.

Ц – Понекогаш доверлив

Понекогаш доверлив, се проценува извор од кои дел од претходно добиените информации се покажале како сигурни и точни, но дел од нив биле неточни. Без проверка на информацијата, не треба веднаш да се преземаат дејства по истата. Кога постои потенцијал за ризик (загрозеност на нечиј живот или сл.) и е потребна брза реакција по информацијата, во најкраток рок ќе треба да соберат колку што може повеќе информации, пред да се започне било какво дејстие за постапување.

Пример: Оваа проценка може да се однесува на информација добиена од прикриен човечки извор (информатор), информација добиена од медиумите (снимка за настан) или од технички средства кога квалитетот на продуктот од истите е слаб.

Д – Недоверлив во повеќе наврати

Недоверлив во повеќе наврати, се проценува извор ( лице) кој порано давал информации кои се покажале како неточни. Може да постои сомневање во автентичноста ,доверливоста ,компетентноста или мотивот на изворот. Не треба да се презема било какви дејства по ваква информација без истата да биде претходно проверена.

Пример: Оваа проценка може да се однесува на информација добиена од граѓани со потенцијален злобен мотив на пр. расправии со соседите или информација добиена од лице кое е познато по давањето на лажни наводи.

Е – Не може да се процени

Овде спаѓаат информации добиени од извор кој му нема порано давано информации на лицето кое ја прима / евидентира информацијата (пр. полициски службеник). Бидејќи се работи за непроверен извор или не може да се одреди неговата веродостојност, автентичност и компетентност (анонимни извори сл.) истиот се оценува со ова најниска проценка. Ова проценка на изворот не мора да значи дека информацијата е неточна, туку истата треба да биде земена со резерва.

Пример: Овде вообичаено спаѓаат информациите добиени од граѓани кои полициските службеници ги добиваат со непосреден контакт, по телефон или информации добиени од граѓани кој не сакаат да го откријат нивниот идентитет ( информацијата ја пренесуваат анонимно).

- Проценување на вистинитост на информација

Сите информации кои се добиени за разузнавачки цели потребно е да се евидентираат со претходно проценување на „Веродостојноста на информацијата”. Проценувањето на веродостојноста на информацијата треба да се направи со објективно и професионално расудување за нејзината вистинитост. Проценувањето на веродостојноста на информацијата го прави лицето кое ја евидентира самата информација врз основа на неговите знаења за околностите за потеклото на информацијата. Особено е важно секоја добиена или документирана информација да се процени колку е сигурна. Тоа проценување се прави со употреба на објективна, професионална проценка и вредноста на информацијата не смее да биде преценета со цел охрабрување за преземање дејства по истата. Проценувањето на информацијата ќе се врши од страна на лицето кое ја документира и врз основа на неговите познавања на околностите во тоа време.

Проценувањето на информацијата се врши преку 5 (пет) различни нивоа на оценување (оценки):

- - Со оценка 1 - Со сигурност се знае дека е вистина;
- - Со оценка 2 - Изворот е лично запознаен меѓутоа не и ОСЛ;

- - Со оценка 3 - Не е лично позната на изворот, но е потврдена;
- - Со оценка 4 - Не може да се потврди и
- - Со оценка 5 - Постои сомнение дека е погрешна.

1– Со сигурност се знае дека е вистинита

Се означуваат информации добиени од употреба на технички средства или од настан чиј сведок бил припадник на агенција/институции за спроведување на закон ( полиција, царина, финансиска полиција и сл.) или обвинителство. Секоја информација добиена од техничко средство мора да биде третирана со претпазливост затоа што снимената информација може да биде погрешно разбрана. Оваа проценка се однесува на информации добиени непосредно ( од прва рака).

Пример: Полицаец бил сведок на настан/ инцидент односно истиот настанот лично го забележал.

2 – Изворот е лично запознаен меѓутоа не и ОСЛ

Се означуваат информации за кои се смета дека се вистинити иако не се лично познати на полицискиот службеник кој ги евидентира, но се лично познати на изворот, кој лично го видел настанот. Овие информации најчесто се добиени од информатори

Пример: Прикриен човечки извор на информации (информатор) дава информација која му е лично позната (лично го видел настанот или лично ја слушнал информацијата сл.).

3 – Не е лично позната на изворот, но е потврдена

Изворот може да ја добие информацијата од друго лице, нејзината точност може да биде докажана со помош на мониторинг камери или други полициски бази на податоци (ХОСТ, преминувања на граница , поседување на оружје и сл.)

Пример: На прикриен човечки извор на информации (информатор)му е кажано дека Вангел Јованов е виден како вози автомобил со регистарска таблица СК 0002 ЕТ. По направената проверка во ХОСТ потврдено е дека Вангел Јованов е сопственик на автомобилот со наведениот регистарски број.

4 – Не може да се потврди

Точноста на оваа информација неможе да биде проценета , проверена или потврдена Секоја информација која спаѓа во оваа категорија мора да биде внимателно третирана Пример: Анонимна информација добиена од граѓани дека се случило некое казниво дело, но неможе истото да биде потврдено, докажано.

5 - Постои сомнение дека не е точна

Ваквата информација мора да биде третирана со екстремно внимание. Истата треба да биде потврдена, докажана од сигурен извор пред да се преземе било какво дејство по истата. Полицискиот службеник кој вака ќе ја оцени информацијата мора во текстот на истата да наведе зошто информацијата ја оценил на ваков начин.

Пример: Злонамерни јавувања на граѓани по телефон или лица осомничени за криминално дејство даваат преувеличени информации против други лица со цел да го одвратат вниманието од себеси, или во случај на апсење, да ја засноваат својата одбрана врз фактот дека и помагале на полицијата.

При проценката на изворот со А, Б, Ц, Д, Е се врши степенување на сигурноста/веродостојноста од каде е добиена информацијата и при тоа оценката „А„ претставува највисока сигурност/веродостојност (Доверлив во сите случаи), а додека пак оценката „Е„ претставува најниска сигурност /веродостојност ( Не може да се процени/Непроверен извор).

При проценката на информацијата со 1, 2, 3, 4 и 5 се врши степенување на точноста на информацијата односно оценката „1„ претставува точноста на информацијата на највисоко ниво (со сигурност се знае дека е вистинита), а додека пак оценката „5„ претставува најниско ниво на точност (постои сомнение дека е погрешна).

Проценката на изворот и проценката на информацијата секогаш мора да се третираат заедно и имаат меѓусебно влијание.

При проценувањето на изворот и информацијата можни се најразлични проценки пр. А2,Б4, Ц3, Д1, Е2 и сл.

**г. анализа**

Најважната фаза во овој процес секако дека е анализата на податоците и информациите**.** Процесот на анализасе состои од повеќе потфази. Анализата е најкомплексен и најтежок дел од разузнавачкиот циклус. Сите необработени -сурови податоци (кои може да ги има многу) мора да се анализираат и да се изведат правилни

заклучоци. Извештајот мора да даде доволно информации за да се одреди дали барањето е исполнето. Ако се потребни повеќе информации, тогаш мора да се доделат дополнителни задачи за да се соберат повеќе информации, повторно да се извести и да се анализира, за да на крајот се задоволи барањето. Ова е процес на давање на крајниот производ од персоналот кој го направил разузнавањето до сите лица кои треба да се информираат. Како што беше спомнато, за ова може да е потребно дополнително собирање за да се задоволат и претходно доделените задачи и новите барања.

Аналитичарите мораат да утврдат кои се нивните клиенти со цел да стекнат сознанија од нивните прашања. На овој начин, аналитичарот ќе биде во можност да утврди дали во неговото разузнавање постојат големи непознаници. Од аналитичарите се бара да донесуваат одлуки без пристап до целосни информации и да ги изразат истите благовремено и на релевантен начин[56]. Од нив често пати се бара и да го понудат најдобриот можен одговор во услови на ограничено време и ресурси. За да бидат ефективни, аналитичарите мораат да даваат одговори кои што понекогаш не се во согласност со начинот на размислување на нивните надредени. За да бидат ефективни, тие мораат да ги предвидуваат прашањата и постојано да го разјаснуваат процесот на давање на задачи.

### 3.3.2 Криминалистички аналитичар

За да може еден криминалистички аналитичар успешно, квалитетно и ефикасно да ги извршува горе претставените работни задачи, мора да биде обучен и да има добри познавања, особено во:

- Компјутерска технологија (персонални компјутерски системи) и програмски јазици;
- Криминалистичко-истражни методи, дескриптивни и инферентни статистики, проблемски ориентирано полициско работење, локални владини процеси;
- Архивско и канцелариско работење и безбедносни процедури, предвидени во законска легислатива;
- Кривичен законик и други закони и регулатива поврзани со дисеминација на криминалистички податоци;

[56] З. Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

- Софтверски програми, процедури за обработка на зборови, табеларни пресметки, бази на податоци, статистички анализи, јавни презентации, мапирање на криминал, интернет и ГИС системи.

Како лични позитивни својства кои треба да ги поседува криминалистичкиот аналитичар се:

- Ефективна усна и пишана комуникација;
- Учество во напорите за подобрување и развивање на програмите и услугите на организациона единица каде работи;
- Расудување и дискреција при извршување на работни задачи
- Заштита на класифицирани информации;
- Развивање на ефективни работи односи со службеници во организациона единица, помошниот персонал и персоналот на други институции за спроведување на законот;
- Добар слушател со цел утврдување на знаењето на службениците во институцијата за спроведување на законот и перцепција на проблеми;
- Лоцирање, читање и спроведување на директно насолени истражувања;
- Креативно размислување за проблемите на безбедноста;
- Детерминирање на потреби на клиентите и дефинирање на рамки на проекти;
- Менаџирање со повеќе проекти истовремено на подолг временски период.

Во поглед на квалитетот на криминалистичките аналитичари да напоменеме дека напредните аналитичари веројатно би требале да бидат што повеќе инволвирани во стратегиски анализи, обуки и криминалистичко-истражни планирања, додека новите аналитичари би требало да бидат повеќе инволвирани во оперативни и тактички аналитички продукти и извештаи. Криминалистичките аналитичари, специјалисти во одредени области со поголеми познавања на компјутерските вештини би требале да бидат повеќе инволвирани во креирање датотеки за поддршка на криминалистичка анализа.

Аналитичкиот дел се состои од следните криминалистички анализи[57]:

<u>Главни криминалистички анализи:</u>

- Стратешки криминалистички анализи;
- Тактички криминалистички анализи;
- Профилирање на субјекти и

[57] http://www.acpo.police.uk/asp/policies/Data/nim2005.pdf

- Профилирање на проблеми.

<u>Помошни криминалистички анализи:</u>

- Анализа на криминална шема;
- Анализа на демографски/социјални трендови;
- Анализа на мрежа;
- Профил на пазар;
- Профил на криминален бизнис;
- Анализа на ризик;
- Анализа на профил на цел;
- Анализа/проценка на оперативното разузнавање и
- Анализа на резултат[58].

### 3.3.3. Криминалистички анализи според нивото на изведување

Криминалистичките анализи според нивото на изведување може да ги поделиме на стратешки, оперативни и тактички криминалистички анализи. Но, и тука постојат две различни гледишта во дефинирањето во нивото на изведување. Пристапниците на првото гледиште поаѓаат од теоријата која ја покрива анализата, односно од тоа кои донесувачи на одлуки на кое ниво припаѓаат (стратешко, оперативно или тактичко) им е потребен криминалистичко аналитичкиот продукт со цел да донесат одлука, па предлагаат стратешката криминалистичка анализа да се однесува на меѓународно, регионално и национално ниво, односно изведувањето да биде на највисоко централно ниво на меѓународен план, одреден регион или држава, со што донесувачите на одлуки би донеле стратешка одлука. Оперативната анализа, според ова гледиште се изведува на еден регион или сектор во една држава, во зависност од регионалната потреба за определување на регионот, а регионалниот лидер (донесувач на одлука) би донел криминалистичко оперативна одлука, а тактичката криминалистичка анализа се однесува за територијата која ја покрива основната организациона единица на институцијата за спроведување на законот (пример: полициска станица, основна единица на царина или финансиска полиција), а криминалистичко аналитичкиот продукт ќе му овозможи на тактичкиот лидер

---

[58] З. Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

да донесе соодветна криминалистичко тактичка одлука. Според второто гледиште, видовите на криминалистички анализи според нивото на изведување, се производ на потребите на донесувачите на одлуки да донесуваат стратешки, оперативни и тактички одлуки на било кое ниво на изведување, односно секој донесувач на одлуки на стратешко, оперативно и тактичко ниво, може да донесува стратешки, оперативни и/или тактички одлуки за што му се потребни стратешки, оперативни и тактички криминалистичко аналитички продукти. Обично авторите кои се залагаат за второто гледиште вршат спојување на оперативната и тактичката анализа, па во литературата може да се сретне поделбата на стратешка и тактичка криминалистичка анализа, но и диференцијацијата не се сведува само на криминалистичко аналитичките продукти, туку и на сите други аспекти на криминалистичкото работење како што се нивоата на криминал, поставеноста на системот и слично. Карактеристичен систем е моделот на Велика Британија која познава само две нивоа на поставеност на институциите за спроведување на законот, стратешко и тактичко ниво, па сите атрибути на криминалистичкото работење се сведуваат на стратешко и тактичко работење (стратешки и тактички анализи, стратешко и тактичко планирање, стратешки и тактички групи за задавање на задачи и координација и слично).

Но и двете гледишта на ист начин ги дефинираат видовите на криминалистичките анализи според нивото на изведување, а разликата како што рековме се однесува на тоа на кој му служат криминалистичките анализи во донесувањето на одлуки и кој ги изведува, па така ќе ги дефинираме:

- Стратешките криминалистички анализи;
- Оперативните тактички анализи и
- Тактичките криминалистички анализи.

#### 3.3.3.1 Методи на анализа

При анализа аналитичарот применува повеќе методи. Ние ќе ги елаборираме следните;

- Филтрација: аналитичарите ги отстрануваат одвишните податоци за да се фокусираат на тоа што е важно. Ова се однесува на поединечните парчиња податоци (аналитичарот можеби ќе треба да отфрли повеќе делови од дописите на оперативецот за да ја пронајде информацијата важна за него) и на големите серии на податоци (

аналитичарот кој бара шеми на тешки кражби кои се реализираат под закрила на ноќта, ги отфрла дневните и оние дела кои не се тешки кражби).

- Категоризација: аналитичарите категоризираат, класифицираат и групираат парчиња податоци во логички групи- разбојништва или тешки кражби, кражба на чанти или автомобили, Реон 3 или Реон 5, сторител или жртва- за да помогнат да се идентификува, анализира и да се комуницира со информацијата. Некои категории се очигледни, додека други бараат поголем труд кога аналитичарот дава преглед на ситуациски типови криминал (семеен напад, напад на банди, поединечен напд и сл.)

- Агрегација: броење, сумирање, изведување просек и на друг начин подредување податоци во категории. Примери за агрегација можат да бидат земањето на 20000 повици за помош и услуги и откривањето на нивниот број за секоја смена, подредување на 365 автомобили со пребројување на марките и моделите кои се украдени.

- Компарација: споредување, на криминални инциденти за да се утврдат одредени елементи на поврзаност, сличност, адекватност, едновременост, МОС[59] и сл. Исто така можат да се споредуваат големи сетови на податоци за да се утврдат трендови и девијации од она што се смета за норма. Повеќето статистики за криминалот се безначајни доколку не се споредат со претходни временски периоди, или други географски области.

- Корелација: статистичка техника со која се утврдува дали еден сет на податоци е поврзан со друг сет на податоци (на пр. зголемената популација е поврзана со зголемената стапка на повици за помош; намален просечен приход е поврзан со зголемена стапка на криминалот). Терминот корелација понекогаш се користи неформално за да се опише кој било забележан однос помеѓу две променливи (на пр. разбојништвата изгледа се групираат околу автобуските станици, тешките кражби опаѓаат за време на училишните часови).

- Каузалитет и објаснување: Овој процес ја носи корелацијата чекор напред во утврдувањето дали еден фактор предизвикува друг. Дали новиот трговски центар ,,предизвикал,, да се зголемат кражбите на автомобили во областа?

- Проекција: Употреба на постојните податоци за да се проектира или предвиди иднината. Ако сме имале 16 разбојништва во текот на овој месец, уште колку е веројатно дека ќе има до крајот на месецот?

---

[59]Владимир Водинелиќ- Кариминалистика, Крагуевац, 1986

### 3.3.3.2 Видови разузнавачка постапки[60]

- Описно разузнавање

Описното разузнавање дава извештаи во однос на настан, лице, место, или работа (предмет). Тоа е реактивно по природа и мотивирано од настани. Се поврзува со конкретен извор на информации и ги избира и проценува оние информации што се релевантни.

- Разузнавање со објаснување

Разузнавањето со објаснување овозможува да согледаме начини на извршување. Ова разузнавање бара примена на логика со цел да им са даде контекст на фактите и проценките, односно, забелешките. Разузнавањето со објаснување им дава додатна вредност на информациите и често пати ги манипулира и прикажува со цел да даде нови аналитички објасненија на нештата.

- Разузнавање со толкување

Разузнавањето со толкување дава објаснение зошто е онака како што е. Ова разузнавање применува логика за да дојде до значењето во самите податоци. Ги толкува информациите преку структурирани методи и интуицијата на аналитичарот. Применува одредени техники за да им даде смисла на конкретните податоци.

- Разузнавање со проценување

Разузнавањето со проценување прави проценка на одреден правец на дејствување. Проценките со прават врз основа на искуството и знаењата на аналитичарите, како и врз основа на моделирањето на разузнавачките податоци.  Ова разузнавање применува пософистицирана методологија што налага внимателна проверка.

Разузнавачкиот циклус претставува серија чекори во разузнавачкиот процес кои што имаат намера да ја остварат фундаменталната цел на разузнавачката анализа да се дефинираат, стекнат и сфатат релевантните информации на организиран начин и да им се дадат точни информации на правите луѓе благовремено и на корисен начин

Предизвикот не е самото стекнување на информациите, туку и раководење со информациите што се стекнуваат. Ова бара активна соработка бидејќи овие фази на работа често пати се потпираат една на друга или се повторуваат. Планирањето и

[60] З. Димовски- ,,Криминалистичко разузнавање,,- Факултет за безбедност- Скопје, 2019

раководењето го опфаќа целиот циклус на разузнавањето со тоа што се фокусира на политиката, на стандардите, координацијата и надзорот.

Во основа постојат три главни работни улоги на аналитичарот. Аналитичарите задолжени за извештаидоставуваат груби податоци кои што најчесто не се веќе чувствителни со цел да се заштитат изворите и методите на разузнавање. Стандардот во оваа работа е дека споделувањето е правило, наместо исклучок. Специјалистите за операции извршуваат потактична анализа при работа на конкретни случаи. Аналитичарите на информации од сите изворивршат стратегиска анализа и предвидување на закани.

Доставата на разузнавачките податоци до конечниот корисник се врши согласно утврдена политика и технологија. Технологијата за информации се користи за да се постигне што е можно поширока достава на податоците. Поради ова, доставата претставува правило при што единствените исклучоци се оние условени од одредени законски или процедурални аспекти на работата. Доставата се постигнува преку усна комуникација како што се формалните и неформалните брифинзи, како и преку разни писмени продукти (извештаи, меморандуми, итн.)

- Заклучоците од анализата се нарекуваат продукти – производ. Производот се претставува на следниве начини како извештаи од истрагата, специјални извештаи, брифинзи, матрици за асоцијации и табели на поврзаност и табели за тек на настани, разузнавачки извештај, разузнавачка нота, разузнавачки билтен и разузнавачка проценка.
Како корисници на крајниот производ на анализата се носителите на политика и оперативниот персонал

**д) Дисеминација**

Кога податоците ќе бидат комплетирани, криминалистичкиот аналитичар мора да ги подели резултатите на сите организациони единици, односно институции кои имаат потреба од нив и главно до донесувачите на одлуки, првенствено мислејќи на организациона единица во која аналитичарот работи. Методите на дисеминација на криминалистичко-аналитички резултати вклучуваат и пишани извештаи и мапи, презентации, е-маил, интернет документи и телефонски повици. Лицата до кои се доставуваат резултатите се службеници претставници на власта и на институциите за спроведување на законот, граѓаните, студентите, други аналитичари и медиуми.

Аналитичарите мора да внимаваат на две работи кога комуницираат на овој начин. Прво, извештаите мора да бидат направени така да се јасни за публиката до која се доставуваат. На пример, за граѓаните, аналитичарот можеби треба да даде појаснување на дефинициите на различни видови на криминал пред да ги презентира резултатите. Второ, презентацијата на резултат мора да ги содржи само најпотребните информации. Голем дел од работата на анализата се врши зад сцена (собирање на информации на пример) и за презентацијата на резултат не треба да содржи информации за тоа. При дисеминација на изведените информации, криминалистичкиот аналитичар треба да вклучи само информации кои се релевантни на темата или прашањето кое се презентира. На пример, не е потребно аналитичарот да го презентира секој чекор од аналитичкиот проект, кога изведените информации добиени на крајот на процесот можат многу лесно да се презентираат и објаснат. Иако е важно за аналитичарите да ги документираат собирањето на податоците, обработката и аналитичките методи, при дисеминација само треба да го достават најважното за конкретните корисници.

При асистирање на институциите за спроведување на законот, криминалистичкиот аналитичар може да допринесе во разбирањето на криминалот, инцидентите и безбедносните нарушувања, како и генералните безбедносни пракси преку дисеминација на аналитичките резултати до други аналитичари, истражувачи и безбедносни службеници. Ова не значи дека еден извештај, од еден криминалистички аналитичар ќе доведе до знаење за одредена тема, напротив, дисеминација на криминалистички анализи од страна на повеќе институции за спроведување на законот, со време, може да создаде слика на разбирање, што е всушност целта на криминалистичката наука.

**г.) Повратна информација**

По дисеминација на резултатите од анализата, криминалистички аналитичар добива повратна информација од лицата на кои им е доставена информацијата. Како и во подциклусот на модификација на податоци, повратната информација за корисна на продуктот на анализа може да помогне во целокупниот понатамошен процес. Аналитичарот може да добие повратна информација за квалитетот за конкретна анализа или за извештај, за природата на податоците кои се предмет на таа анализа или за корисноста на анализата во фазата на донесување на одлуки.

Повратната информација на криминалистички аналитичар ќе му помогне во утврдување на недостатоците на информации во криминалистичко-аналитичкиот процес, со што ќе се овозможи аналитичкиот процес да се збогати со нови криминалистички податоци и информации.

### 3.4. Придобивки од прибирањето информации

Информациите кои се прибираат од различните извори може да се употребат за да се разбере работењето на целната група, како на пример криминална организација која криумчари со луѓе или тргува со луѓе или дрога. Анализата на информации поврзани со случајот се фокусира на капацитетите групата (расположливите ресурси), нејзините намери, ограничувањата и ранливите точки. Таа оценка ќе и помогне на полицијата на оперативно ниво да го утврди најдобриот начин за пристапување кон проблемот и за користење подобри механизми и техники на спроведување на законот. На стратегиско ниво, ќе и помогне на полицијата да дојде до поефективна контрола на криминалот и предложи превентивни стратегии.

Информациите прибрани од различни извори може да и помогнат на полицијата во исцртување на мапа на криминалот[61]. Исцртувањето мапа на криминалот претставува прибирање податоци и анализа на истите, од каде пак ќе се добијат податоци кои ќе покажат на кои територијални целини-конкретни области се извршуваат конкретен вид на кривични дела.Тие може да укажуваат на голем број на, да речеме, кражби на автомобили во текот на вечерните часови (ранливи периоди), сообраќајните гужви наутро или автомобилски несреќи на конкретна раскрсница. Тие посочуваат на тоа каде се потребни полициски сили. Со тоа им се дозволува на полициските раководители да ги делоцираат ресурсите и да ги прераспределуваат полициските службеници на конкретен и поефективен начин, намалувајќи ја со тоа стапката на криминал во таа област со едноставно присуство на улиците и поефективно патролирање со менување на границите по кои се патролира.

Кривично-разузнавачките информации може да укажат на трендовите и циклусите на случување на криминални дела. Ова е особено успешен концепт во анализата на криминалот и може да биде моќна алатка во истрагата. Може да им каже на полициските

[61]Рејчел Боба- Мапирање на криминалот, Магор, 2014

службеници нешто во врска со процесот кој е зад тие повторливи циклуси. Може да покаже и дека дошло до преместување на одреден вид на криминал поради одредена акција на полицијата, како на пример прераспоредување. На пример, се утврдува ‘жешка точка’ на криминалот и се дизајнира програма за превенција[62]. Ефектот од тоа е протерување на прекршителите од таа област, со тоа што само ќе се преселат во друга област. На тој начин е решен локалниот проблем (барем привремено), но крајната општа придобивка е нула, а може да биде дури и негативна, доколку прекршителите се преместат во област која е поранлива заради помалото присуство на полицијата. Може да се рече дека превенцијата на криминалот на едно место предизвикува криминал на друго.

Проучувањето на начинот на извршување т.е. модус операнди, на извршено криминално дело (на пример, тешка провална кражба во куќи со помош на конкретна алатка) може да помогне во идентификацијата на сторителот и да даде општа слика за бројот на извршени дела[63], кои се веројатно повеќе одошто сторителот ќе признае.

Органите за спроведување на законот од самиот почеток се соочени со дилема во поглед на размената на разузнавачки информации. Потребата од правилна дистрибуција и размена на разузнавачките информации стана многу јасна по терористичките напади на 11 септември 2001 во Соединетите држави. По тие напади, службите за спроведување на законот во САД иницираа заеднички напор да се корегираат несоодветностите и бариерите кои ја попречуваат размената на информации и разузнавачки информации, која на крајот резултираше со Национален план за размена на кривично-разузнавачки информации. На потребата од засилено прибирање информации, анализи и размена беше посветено многу внимание и во европски контекст,[64] Европската комисија, по состанокот во Мадрид, изјави дека размената на информации меѓу националните власти и на ниво на ЕУ мора драстично да се подобри. Културата на тајност, разбирлива само на прв поглед,

---

[62]Ibid

[63]Злате Димовски,Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019, Скопје

[64]Предлог за сеопфатен план за борба против нелегална миграцијаи трговијата со луѓе во Европската Унија, II. Мерки и активносту; II. Прибирање информации, разузнавачки информации и анализа, 44-45.(2002/C142/02)http://europa.eu.int/eur-lex/pri/en/oj/dat/2002/c_142/c_14220020614en00230036.pdf

се покажа крајно непродуктивна. Наместо нови институции или тела, Унијата мора да произлезе со сеопфатна методологија за размена на информациите[65]“.




Слика 2. Шематски приказ на разузнавачкиот циклус[66]

[65]Европска комисија – Генерален Секретаријат; СЕЦ (2004) 348 – 18.3.2004; Извештај на комисијата до Советот за тероризам, со предлог “Унијата треба да воведе нов механизам за координација на размената на информации (механизам на клириншка куќа) при што службите за спроведување на законот, судските власти и разузнавачките служби ќе се состанат да ја зајакнат меѓусебната доверба и размена на оперативни разузнавачки информации, оспособувајќи се меѓусебно правилно да ги извршуваат своите должности. Еуропол и Еуроџаст треба да се вклучат целосно, заедно со националните разузнавачки служби и мрежите на органи за спроведување на законот.

[66]З.Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

### 3.4 Целта и можностите за сузбивање на криминални групи преку употребата на криминалистичко разузнавање

Криминалните групи повеќе се самоорганизираат и се појавуваат отколку стратешки кога се поставуваат на нови локации. Спречувањето на криминалните можности, преку оперативното работење, во координација со различните форми на меѓународна соработка, може да ја намали или оневозможи миграцијата на организираниот криминал. Идејата дека криминалните групи и организации мигрираат за да ги прошират своите активности низ географските локации е повторлива тема во организираниот криминал и криминолошките истражувања повеќе од половина век. Успешните акции кои се завршени се многубројни, но за потребите на овој труд ќе ги споменам повеќето акции, како случајот „Ноах„ потоа специјалната акција „Езеро„ или случајот со стаклени јагули во РСМ.[67]

Главната цел криминалистичкото разузнавање е да се идентификуваат факторите за притискање и повлекување преку одредени извори на информации, со цел да се разбере како и зошто криминалните групи, организации или општи обрасци на организиран криминал се присутни, како што се географски локации, криминални пазари и легитимни индустрии.[68] Важни фактори кои ги туркаат членовите на организираната криминална група на нови пазари или географски локации вклучуваат повеќе елементи. Тука би ги навела зголемено оперативна активност на службите за спроведување на законите, зголемена конкуренција од други криминални групи, зголемен социо-економски статус, намалување на културната маргинализација и зголемување на легитимноста на криминалните групи.

Фактори за влечење кои привлекуваат членови на организирана криминална група на пазар или локација вклучуваат масовна побарувачка за недозволено добро или услуга, пристап до снабдување, лабаво спроведување на законот, висока неказнивост/корупција, близина на патишта за трговија со луѓе, порозни граници, присуство на брокери и олеснувачи, угледот на локалните криминални групи, локални врски и роднински мрежи,

[67] М.М. Саздовска- Еколошка криминалистика, Факултет за безбедност- Скопје, 2024
[68] Organized Crime Research Brief no. 4, Mobility of Criminal Groups, стр.1, https://www.publicsafety.gc.ca/cnt/rsrcs/pblctns/rgnzd-crm-brf-4/rgnzd-crm-brf-4-eng.pdf

слабо регулирани економски сектори, преклопување помеѓу актери од горниот и "подземниот" свет, ниска технологија и професионализација во економски сектор, висок број на невработени, обесправени работници и недостаток на конвенционални производи и услуги[69].

Криминалистичкото разузнавање вклучува собирање критични информации поврзани со целниот криминалитет што обезбедува суштински увид во заканите за криминал и ги идентификува поединците за кои постои разумно сомневање за поврзаност со кривично дело. Собирањето информации е постојан процес, заедно со тековната проверка и анализа на информациите. Аналитички производи поврзани со закани се дистрибуираат до службениците и истражителите за да помогнат во приведувањетона прекршителите и спречување на криминал. Секоја ревидирана агенција ја нагласува критичната природа на криминалистичкото разузнавање во своите операции.

Целта и можностите за сузбивањето на криминалните групи преку криминалистичкото разузнавање ја наметнуваат самата оперативна активност да се добијат информации за одреден настан, тие информации да се доведат во корелација со други и низ процесот на разузнавачката анализа да се добијат разузнавачки информации кои ќе говорат за настанот во целост.[70] Информациите се еден од највредните достапни ресурси на секој носител на одлуки. Без добри информации, носителите на одлуки немаат логична основа за избор на текот на конкретна акција.

Бидејќи организираниот криминал е прикриено криминалоно дејствување, на полицијата често пати не ѝ е лесно да го дознае идентитетот на учесниците и точниот обем на криминални потфати. За да дојдат до таа цел, службите задолжени за спроведување на законите мораат да собираат информации за евентуалните припадници на организираниот криминал што ќе им помогнат во иследувањата. Но, процесот на собирање на разузнавачки информации, исто така, претставува тајна активност и е една од најмалку разбраните активности на полициската функција.

Меѓу разузнувачките и криминалните иследувања има неколку важни разлики. Прво, природата на криминалните иследувања е реактивна, додека разузнавачките иследувања се проактивни. Собирањето информации за специфични лица, места, групи и

[69]З. Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

[70]Димовски З., Тероризам, Факултет за детективи и безбедност, ФОН, стр.177

деловни зделки е тековна активност. Второ, досиеата за криминалните иследувања се отворени и во нив се собираат информации за на крајот замешаните лица кривично да се осудат.[71] Од друга страна, разузнавачките досиеја се затворени, односно, тие содржат информации за некоја тековна криминална активност, но не може да се смета дека сите податоци во нив се фактички. Поради оваа разлика полицијата ги дели во посебни групи разузнавачките досиеја и досиејата за иследување на криминалните дела, а пристапот до разузнавачките досиеја е строго ограничен на лица кои имаат потреба да знаат за нив.

Уште една важна разлика на овие два вида иследувања е тоа што резултатот на едно криминално иследување се сведува на апсење (или затворање на случајот), но успешната разузнавачка операција не мора нужно да доведе до некакво апсење, туку само до известување за конкретната активност. Ова известување често е придружено со карти, графици, компјутерски листи и со други податоци во прилог на информациите во досието.

### 3.5 Моделот на полициско работење преку разузнавање

Полициското работење водено од разузнавање е менаџерска рамка и рамка за донесување одлуки од врвот надолу. Оваа рамка обезбедува структура, методологија и повеќекратни процеси за систематско прибирање, споделување и анализа на релевантните информации, што служи како основа за информирано планирање и носење одлуки кај раководителите на органите на прогонот.[72] Полициското работење водено од разузнавање (ILP) е наречено деловен модел на спроведување на законите, односнометодологија што го води вршењето и управувањето со полициското работење.[73]

Слика 2. Модел на полициско работење, водено од разузнавање (ILP)

[71]Лајмнаа Д. М., Потер Г. В., (2009), Организиран криминал, Четврто издание, Магор, Скопје, стр.482
[72]Полициско работење водено од разузнавање: водич на ОБСЕ, 2017, Скопје, стр.43
[73]Ibid, стр.43




*Слика 3: Модел на полициско работење водено од разузнавање*

*Извор:Полициско работење водено од разузнавање: водич на ОБСЕ, 2017, Скопје, стр.44-45*

Задавањето задачи како почетна компонента во моделот на полициското работење, водено од разузнавање (ILP) е клучот во распределувањето на задачите и насоките на менаџментот на анализа, со цел да одреди насоката на стратешките и оперативните планови.

Врз основа на ваквите задачи, аналитичарите развиваат соодветни разузнавачки материјали кои понатака ќе послужат во разрешување на одредено криминално дело. Собирањето, обработката и подредувањето на клучните разузнавачки информации го подобруваат процесот на донесување одлуки. Самиот процес генерира стратешки и оперативни производи на криминалистичкото разузнавање, кои ги поддржуваат криминалните истраги, ги помагаат стратешките и оперативните планови и правилно ги распределуваат човечките и техничките ресурси.

Активностите, операциите и истрагите се дел од работата на раководителите на средно ниво и истражителите, додека политиките, приоритетите, стратешките планови и планирање на ресурсите се работа на креаторите на полики, односно на раководителите на високо ниво.

Во однос на оперативните активности, може да се наведат пет примери од областа на полициското работење и тоа кај секојдневното  полициско работење, во однос на

големи настани, при полициско работење во заедницата, при следење на сериозен криминал и во случаи на антитероризам.

За да може целиот процес на полициското работење, водено од криминалистичко разузнавање да се одвива непрекинато и во насока на поставената задача, неопходно е сите службеници да споделуваат, препраќаат и дефинираат механизми и активности, во координација со домашната законска регулатива. Повратниот резултат се создава врз основа на квалитетот на анализата која се применува во криминалистичкото разузнавање, службениците кои со добра организациска поставеност успеале да одговорат на поставената задача и планираната цел и секако, да го заштитат населението од било каков криминал. Колку е квалитетен резултатот зависи од дефинираната методологија и стандардите во криминологијата и полициското работење, преку стратешкото и оперативносто донесување одлуки. Секоја земја треба да воведе сопствен систем за управување со квалитет и контрола на квалитетот. Покрај интерниот мониторинг и контролата на квалитетот, функциите поврзани со полициското работење водено од разузнавање (ILP), како што се собирањето, складирањето, обработката и споделувањето на податоци, информации и разузнавачки материјали, исто така треба да се предмет на независен надзор.[74]

При спроведување на законот, разузнавањето е краен производ (излез) на аналитички процес кој собира и проценува информации за злосторства и/или криминални дејствија, со цел да се донесат пресудите и заклучоците за условите во заедницата, потенцијалните проблеми и криминалните активности, со намера да се продолжи со кривичното гонење и казнувањето онаму каде што се утврдило дека постои некоја форма на организиран криминал и тероризам.

Важно е да се има разбирање за потенцијалните злоупотреби на криминално-разузнавачките операции со цел собирањето разузнавачки информации да може правилно да се насочува, а информациите собрани на тој начин да бидат соодветно контролирани и управувани. Исто така е важно повторно да се нагласи незаменливата улога што криминалистичкото разузнавање ја игра во поддршка на спроведувањето на законот и крајната заштита на општеството.

[74]Полициско работење водено од разузнавање: водич на ОБСЕ, 2017, Скопје, стр.46

Криминалистичкото разузнавање е синтеза на различни видови криминал и информации за криминалните сторители што се користат за развивање трендови, индикатори, прогнози и проекции за криминалната активност од различни перспективи. Поради својата општа природа, стратешкото разузнавање вообичаено се развива од информации што се собираат во одреден временски период.[75] Во текот на овој процес, нови информации постојано се додаваат и интегрираат со информациите што веќе се достапни. Кога се достапни доволно податоци, можно е разузнавачкиот аналитичар да ги идентификува моделите на криминални активности и поврзаните трендови кои ќе помогнат во развојот на соодветни стратегии за борба против криминалот.

### 3.6 Оперативна анализа- извори на податоци

Во однос на податоците и нивното собирање и употреба, може да се каже дека тие се клучната алка во расветлување на процесот на криминалистичкото разузнавање. Анализата на криминалот, т.е криминалистичкото разузнавање претставува систем кој користи редовно собрани информации за криминални инциденти и инволвирани поединци, со цел да се спречи и потисне криминалот и да се фатат криминалните сторители. Информациите добиени со систематска и оперативна анализа на податоците може да се користат за поддршка на управувањето и операциите. Анализата е „срцето“ на разузнавачкиот процес како што се однесува на спроведувањето на законот.

Оперативната анализа помага за менаџирање и директно спроведување на краткорочни задачи со кои се остваруваат оперативните цели и ја поддржува тековната истрага. Оперативната анализа може да содржи лични информации за осомничените.[76]

Како посебни се издвојуваат матриците за асоцијација кои претставуваат шеми, шаблони, со ко на табеларен начин се прикажува одреден сооднос, однсоно корелација помеѓу точно утврдени параметри.[77]

Матрицата на податоци претставува правоаголна табла од променливи и единици од кои се собрани податоците, како што се лицата, организациите или криминалните

[75]IACP National Law Enforcement Policy Center (1998), Criminal Intelligence, Concepts and Issues Paper, стр.3 https://bja.ojp.gov/sites/g/files/xyckuh186/files/media/document/criminalintelligencepaper0703.pdf
[76]Полициско работење водено од разузнавање: водич на ОБСЕ, 2017, Скопје, стр.37
[77]Саздовска М.М., (2005), Прирачник за разузнавачки циклус, Скопје, стр. 53

дејности кои се организирани во редови и колони.[78] Матриците можат да бидат во хартиена или електронска форма. Во однос на тоа што сѐ вклучуваат матриците, истите можат да бидат матрица за телефонски јавувања, матрици на поврзаност и дијаграми на врски.

Вертикалните колони се однесуваат на доверливоста на изворот, додека пак хоризонталните колони означуваат оцена за точноста на информацијата. Ознаките во матрицата означуваат:

А – проверен извор со вероддостојни и точни податоци;

В – лице за кое не се знае со сигурност дали плаасира точни информации;

С – лице кое не секогаш дава точни податоци;

[78]Боба Р., (2010), Криминалистичко истражување со мапирање на криминалот, Скопје, стр. 69

## ДЕЛ ЧЕТИРИ

## 4. Меѓународни договори за размена на разузнавачки информации во борбата против криминалот како помошни средства во оперативното работење

### 4.1.Размена на разузнавачки информации на меѓународно ниво

Суровиот необработен материјал, информација којашто е директно добиена од изворот (човечки или технички), по пат на анализа преминува во т.н. разузнавачка информација. Таа пак информација, со оглед на застапеноста и развиеноста на прекуграничниот организиран криминал понатаму својата примена ја наоѓа во борбата против тој и против секој друг вид криминал. Значи, ваквите информации претставуваат ефикасно орудие со кое се служат криминалистичките служби градејќи стратегии за спречување и воедно сузбивање на тој интернационален криминал.

Според тоа, покрај размената на овие информации на национално ниво, денес постои и од исклучителна важност е размената на разузнавачките информации на наднационално ниво. Станува збор за соработка која може да биде билатерална, регионална и меѓународна, и од друг аспект, формална и неформална. Од наш интерес е секако, формалната соработка. На кој начин таа функционира?

Меѓународната соработка обично се одвива на ниво на органи за спроведување на законот (полиција, царина) и судска власт. [79] Во рамките на оваа област, транснационалниот организиран криминал логична и следствена е соработката и координацијата меѓу ваквите органи, односно извршната и судската власт. Значи, покрај нивната законска должност за координација на државно ниво, сега се јавува и таа координација на меѓународно ниво.

Меѓународната соработка се остварува преку меѓународни договори кои во зависност од бројот на договорните страни можат да бидат билатерални или двострани (во нив членуваат само две странки и најчесто се од затворен тип во однос на можноста за

[79]З.Димовски, Прирачник Криминалистичко разузнавање, Скопје, 2007, стр.135

пристап на друга странка) и мултилатерални или повеќестрани (има повеќе од две страни договорнички и во однос на можноста за пристап се од отворен тип).

Притоа, за склучување на билатералните договори треба да постои целосна согласност по сите основи од страна на субјектите во договорот и сите елементи од него се обврзувачки за двете страни. Кај мултилатералните договори пак, главна карактеристика е што допуштени се можности страните да искажуваат резерви спрема некои делови од договорот, што после тоа ги прави необврзувачки за нив.[80]

Покрај класичниот термин „договор”, во меѓународниот правен сообраќај се користат и други називи, како: повелба, устав, статут, конкордат, пакт, акт, конвенција, декларација, протокол, компромис, картел итн., кои не влијаат на суштината ниту пак на правното дејство на договорот како меѓународно-правен институт.

Според тоа, без разлика на називот, како што споменавме и претходно, ние ќе зборуваме за договорите за размена на разузнавачки информации во рамките на најголемите и најпознатите полициски организации во Европа (Интерпол, Европол и СЕЛЕК центарот) како и, помеѓу нив самите.

Овој вовед ги појаснува причините зошто договорот од Амстердам е толку важен и зошто 1999 година, кога тој стапи на сила, се чини дека е досега најпресудната година на соработката на правдата и внатрешните работи. Договорот беше потпишан во 1997 година, а стапи на сила во 1999 година. На ЕУ и беше дадена нова цел: создавање на областа на слобода, безбедност и правда. Судската соработка и полициската соработка престанаа да бидат само прашање на заеднички интерес и станаа главни цели на ЕУ. Тоа значи дека се даде стратешка вредност и перспектива на Европската мерка, во областа на полициската и судската соработка, која претходно воопшто не беше замислена во рамките на Договорот од Маастрихт. Целта на Амстердамската спогодба со создавањето на областа на слобода, безбедност и правда доведе до извршување на алатките за судска соработка и генерално до зајакнување на надлежностите на Европските институции за соработката на полето на кривичното право. Беа изготвени помоќни правни инструменти на tретиот столб, особено Рамковната одлука. Поконкретно, Договорот од Амстердам донесе поодлучни промени во следните прашања.

[80]Ibid

- таа ја префрли соработката за азил, и миграција и гранични прашања од третиот на првиот столб. Истото важеше за повеќето мерки на полето на судската соработка пограѓански прашања. Ова значеше и појаки инструменти на првиот столб, зајакнати прописи за Европскиот Парламент и повеќе надлежнсти на Европскиот суд на правдата. За жал беше задржано правилото на едногласност, ова се покажа како вистински хендикеп.
- Тоа создаде нови правни инструменти внатре во самиот трет столб, вклучувајќи ја одлуката и рамковната одлука; овие инструменти ги обврзуваа земјите членки, и се покажаа како многу поефикасни отколку заедничките мерки и конвенции во духот на договорот од Маастрихт. Поконкретно кажано рамковната одлука поставува некоја цел како што е криминализиација на одредено однесување или воспоставување на одредени процедури за прекугранична соработка. Во тој случај останува обврската на секоја земја членка да го промени сопственото законодавство, со цел да ги оствари целите кои беа поставени во рамковната одлука. Тие се исто така обврзувачки за земјите членки, како што е директивата за првиот столб, но поединците не можат директно да се потпираат на нив против државата. И покрај ова тие можат да имаат некоја форма за директно поднесувања на барања под одредени околности, според пресудата на судот во случајот Пупино (Ц-150/03, 16 јуни 2005 година). Како и другите рамковни одлуки исто така и одлуките од третиот столб се обврзувачки, но немаат директен ефект, одлуките се користат за секоја друга цел, освен за усогласување на законот, на пример за формирање на тела како што е Европравда. КОнвенциите станаа возможна алатка, но тие можат да стапат на сила само доколку станат предмет на ратификување од повеќето земји членки, при што би се заменило правилото на едногласност во таа фаза.
- Најповеќе, Амстердамската спогодба е важна и специфична поради тоа што на ЕУ и даде нова цел: областа на слобода, безбедност и правда. Судската и полициската соработка престанаа да бидат само прашање на заеднички интерес и станаа главна цел на ЕУ. Тоа значи дека се даде стратешка вредност и перспектива на Европската мерка во областа на полициската и судската

соработка која претходно воопшто не беше замислена во рамките на договорот од Маастрихт.

- Преку таканаречените Шенгенски протоколи и веднаш по Договорот од Амстердам, Шенгенската acqui - воспоставени воглавно преку двата Шенгенски договори и цела серија на одлуки кои ги донесоа Шенгенските Министри - беше интегрирана во ЕУ. Ова значеше дека Шенгенската соработка која досега беша меѓувладина соработка помеѓу неколку, но не сите земји членки престана да биде независна активност. Наместо тоа, нејзините достигнувања, кои на многу полиња ги надминаа оние на ЕУ на пример како да се врши гонењето, Шенгенскиот информациски систем по прашањата на полициска соработка беа интегрирани acqui во ЕУ.

## 4.2 Пакт на стандарди за меѓународната кривично правна помош

Во 1998 година, ЕУ усвои пакт на стандарди за добри практики во меѓународната кривично-правна помош (заедничка мерка од 29 јуни 1998 година, за добри практики во меѓусебната правна помош по кривични прашања). Секоја од земјите членки подготви национална изјава за добра практика. Идејата беше дека земјите членки јавно се обврзуваат да се придржуваат до оние стандарди и дека во спротивно ќе се сметаат за одговорни. Пактот на стандарди ги содржи следниве точки:

- Да се проследат сите итни барања и писмени прашања, освен ако веднаш не се испрати содржаен одговор;
- При проследување на барањата и прашањата да се напише името и податоците за контакт на надлежниот и ако е можно и лицето кое едговорно за неговото извршување;
- Да се даде приоритет на барањата кои се означени како "итни";
- Онаму каде што бараната помош не може да се обезбеди целосно или делумно, да се даде објаснување и каде што е можно да се отвори дискусија за тоа како да се надминат тешкотиите;

- Онаму каде што се чини дека помошта нема да може да се обезбеди во рамки на некој пропишан рок, а доколку тоа може да наштети на постапката во земјата барател, се препорачува земјата барател да го стори следното;
- Да поднесе барање, веднаш штом ќе се утврди конкретната помош и да се објаснат причините за означување на едно барање како итно или одредување на рок.

Но, еден од позначајните инструменти одобрен во времето по Амстердамската спогодба несомнено беше Конвенцијата од 2000 година за меѓусебна правна помош, со која значително се зајакна улогата на националните судии со наглсување на важноста од директен контакт помеѓу судиите. Со конвенцијата исто така се воведоа заеднички истражни тимови (член 13). Понатаму принципот на forum regit actum (кој беше затскриен во оваа конвенција) и овозможува на земјата барател да и нагласи на земјата од која се побарува како треба да се изврши прибирањето на доказите, со цел истите да бидат валидни во земјата барател. Од овие одредби јасно се гледа новиот пристап кон прашањето на судската соработка која се заснова на различни принципи на интеграција помеѓу различните јурисдикции, како и поконкретно реализирање на новиот концепт на меѓусебната област на правдата, слободата и безбедноста, воведен во Амстердамската спогодба.

Конвенцијата на Европската Унија за меѓусебна правна помош од 2000 година не е замислена како независна спогодба, туку како прилози на Конвенцијата на Советот на Европа од 1959 година и нејзините Протоколи. Таа ги ажурира претходните договори и ја одразува итноста од добри практики кои се споменуваат погоре во текстот, но исто така и развојот на истражните техники и договори. Поконкретно, новата конвенција на ЕУ опфаќа одредби кои се однесуваат на:

- Испраќање на процедуралните документи по факс или електронска пошта (член 6);
- Спонтана размена на информации (член 7);
- Привремен трансфер на лице кое е во притвор, заради истрага (член 9);
- Сослушување по пат на видеоконференција (член 10);
- Сослушување на сведоци и вештаци по пат на телефонска конференција (член 11);

- Користење на контролирани испораки (член 12);
- Користење на заеднички истражни тимови (член 13);
- Користење на прикриени истраги (член 14);
- Снимање на телекомуникации (член 17-22);
- Заштита на личните податоци кои се обезбедуваат како одговор на некое барање (член 23).

Вреди да се напомене дека во таа правна рамка и речиси во истиот период се конституираше и Европската Канцеларија за борба против Измами (OLAF). OLAF беше

## 5. Човечките извори како дел од оперативното работење и работа со разузнавачки информации

### 5.1.Општи извори на информации

Одговорноста за спречување на извршување на кривични дела и заштита на заедницата е од еднаква важност, како за полицијата, така и за луѓето. Разузнавачките информации можат да бидат од големо значење во борбата против криминалот. Многу извори на информации се објавени преку јавните евиденции и истите се достапни.

Поединци или членови на организации (на пр. туристички агенти, станбени здруженија и такси компании) кои поради нивната работа или улога имаат пристап до лични информации, може доброволно да и даваат информации на полицијата на повеќекратна основа и треба соодветно да управуваат со нив. Јавните власти мора да ги држат таквите човечки извори под постојан преглед за да се осигураат дека тие управуваат со соодветно ниво на чувствителност и доверливост и да утврдат дали, во која било дадена фаза, тие информации можат да решат одреден случај.

Општите извори на информации кои им стојат на располагање на полициските службеници можат да бидат:[81]

- ✓ информации во самата служба;
- ✓ информации од јавноста;
- ✓ информации добиени од соработници;

[81]З. Димовски, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019

- ✓ информации добиени преку физичко и фото – набљудување;
- ✓ информации од жртви или сторители на други дела.

Информациите кои веќе постојат во самата полициска служба се особено важни, бидејќи истите веќе постојат и треба само да се обработат за конкретен криминалистичко – правен настан. Истите можат да ги вклучат: сите расположливи полициски извештаи, поврзани со конкретниот случај, различни изјави поврзани со настанот (од сведоци, соседи итн), интервјуа, информации од Интерпол, Европол итн.

Дури и информациите кои ги споделува јавноста некогаш можат да бидат од клучно значење за расветлување на еден случај. Одличен пример за тоа е следење на возило, односно пријавување на трагата на возилото од страна на јавноста.

Информациите добиени од соработници, односно од лица кои по налог на оперативен работник прибираат и пласираат одредени информации, помагаат восоставување на извештајот за реализиран контакт со соработник, кој треба да остане во тајност за да не дојде до загрозување на животите на оние соработници и полициски службеници кои директно се вклучени во разузнавачкиот процес.

Со помош на специјални техники за прибирање информации, како што се фотографиите, физичкото пратење (следење) или набљудување, може да се добијат вредни информации за случот и за сторителите кои се директно вмешани во криминалистичкиот чин.

Со цел да им се намали казната за стореното дело, многу често се случува сторителите на други дела буквално да се “испазарат” со полициските службеници, откривајќи клучни информации за одреден настан. И ваквиот тип на информации може да помогнат во процесот на криминалистичкото разузнавање.

### 5.2. Прикриени извори на информации

Посебни категории на податоци, како што се генетски податоци, лични податоци поврзани со прекршоци, кривични постапки и пресуди и поврзани безбедносни мерки, биометриски податоци кои единствено идентификуваат лице, лични податоци за информациите што ги откриваат во врска со расното или етничкото потекло, политичките мислења, трговијата, членството во синдикатот, религиозните или други убедувања,

здравјето или сексуалниот живот може да се обработуваат само доколку се пропишани со закон и се воспоставени соодветни заштитни мерки за справување со потенцијалниот ризик од дискриминација или негативно правно дејство што значително ќе влијае на субјектите на податоците.[82] Заштитните мерки можат да бидат од техничка природа, на пример, дополнителни безбедносни мерки и од организациона природа. Заштитните мерки треба да се приспособат на секоја операција за обработка на податоци земајќи ги предвид нивните специфичности и препорачливо е да се користат повеќе нивоа на заштита за тие категории на податоци. Од огромно значење е да се спречи неовластен или несакан пристап до тие категории на податоци дури и со дополнителни безбедносни мерки. Внимателна рамнотежа на интереси земајќи ја предвид целта на истрагата, контекстот и природата на податоците е неопходна за да се утврди дали или не, и до кој степен, полицијата би можела да обработува чувствителни податоци. На пример, би било препорачливо да се разликува кога биометриските податоци се обработуваат од страна на полицијата, дали тоа е за цели за идентификација (каде што на пример би можеле да бидат доволни два отпечатоци од прсти) или тоа е за цели за истрага на криминал (каде што може да бидат потребни повеќе отпечатоци од прсти).

Прикриениот човечки извор на информации во себе мора да ги поседува трите основни компоненти за да може да се соработува. Тоа се: мотивација, пристап, контрола. Тоа значи, пред сѐ, да се препознае дали едно лице може да биде извор на информации, односно информатор. Информатори можат да помогнат во одредување на редоследот на истрагата, што ќе следи понатаму за време на истрагата. „Тие можат да посочат информација каде и како да се обезбеди доказ кој може да биде уништен доколку оние кои што ги спроведуваат истрагите не реагираат веднаш. Тие можат да дадат информации во насочено криминалистичко истражување и разузнавање, кој од доказите е достапен, кој го поседува тој доказ, и каде е лоциран тој доказ. Информаторите можат да идентификуваат слаби врски во една криминална организација и да посочат лица кој би можеле да бидат во својство на сведоци или потенцијални информатори.[83]

Информаторите можат да ги обезбедат информациите на повеќе начини и тоа преку:

---

[82]Practical guide on the use of personal data in the police sector,(2018), Strasbourg, стр.5
https://rm.coe.int/t-pd-201-01-practical-guide-on-the-use-of-personal-data-in-the-police-/16807927d5
[83]MalloryL. (2000), Stephen Informants Development and management, стр.2

- ✓ набљудување и следење;
- ✓ откривање на лица кои можат да дадат соодветни информации за одреден криминално – правен настан;
- ✓ да дадат информации за имот кој е за запленување или конфискување;
- ✓ акцентираат детали за криминални активности во минатото;
- ✓ да бидат од помош во тактичкото и стратегиското криминалистичко разузнавање;
- ✓ да идентификуваат таргети на кртиминална група;
- ✓ да идентификуваат места, региони каде би делувале ваквите криминални групи;
- ✓ да обезбедат информации за лица по кои се трага со потерница;
- ✓ помага во спроведување на криминалната постапка, согласно законските правила и прописи[84].

Со сигурност може да се каже дека најсложената работа е да се убеди одредена личност да соработува со полицијата и тајно да прибира информации. Во делот на работа со прикриени човечки извори на информации во Министерството за внатрешни работи при Бирото за јавна безбедност и одделот за организиран криминал, организационата единица заКриминалистичко разузнавање и анализа, во состав ја има и единицата за работа со Пркриени човечки извори на информации. Работата со прикриени човечки изворина информации на оваа единица преставува сложен процес кои се одвива низ неколку последователни фази и тоа:[85]

- Селектирање,
- Регрутирање (Регистрирање),
- Раководење (Користење),
- Дерегистрација.

Во својство на прикриен човечки извор на информации не се јавуваат лица кои се директно поврзани со извршувањето на одредени кривични дела, лица кои се бараат со потерница, малолетни лица и лица со психички растројства. Одлуката за контакт со

---

[84]М. Ангелески, З. Димовски, Криминалистичка тактика 1, Факултет за безбедност- Скопје, 2021
[85]Пејкоски Г., (2020), Улогата на прикриените човечки извори на информации во процесот на криминалистичкото разузнавање за сузбивањето на сериозниот и организиран криминал, Скопје, стр.35

селектираното лице не треба да биде направена самостојно од хендлерите (агентот). Пристапи кон селектираното лице или пред да се ангажира од страна на агенцијата, треба да биде со знаење на Контролорот (раководителот) и да има добиено овластување од Овластувачот. Додека комплетните проверки за минатото не се завршат, не се добие соодветна дозвола (овластување), не се заврши точно идентификување, и не се одредат мотивите за соработка, на лицето не треба да му биде кажано ништо што се однесува на таргетираната цел на истрагата. Одлуката да се регрутира/ангажира и раководи со прикриен човечки извор на информации - ПЧИИ (информатор) треба да ги вклучи сите нивоа во тимот за раководење со информатор, започнувајќи од оперативци (хендлери), контролор и офицери за овластување во единицата. При реализација на пристапот, треба да се создаде вистинскиот момент каде оперативците (хендлерите) задолжени за регрутирање на селектираното лице непосредно и отворено ќе му понудат тајна соработка со цел да добијат согласност одселектираното лице за понудената соработка. Повеќето од агенциите имаат развиено досиеа за информатори. Тие содржат информации за сегашни и поранешни информатори. Тимот за раководење-хендлерите, можат да откријат информатор кој бил пасивиран, но кој би можел да е важен во постоечката истрага. За информатори кои имаат соработувано во минатото, постои веројатност да помогнат повторно. По добивањето на согласноста, процесот на регрутација се заокружува со добивање на овластување од полицискиот службеник надлежен за овластување. Доставувањето на потребната документација-барањето за овластување е на предлог од надлежните хендлери до полицискиот службеник во својство на Контролор и откако ќе го даде своето мислење го доставува барањето до Овластувачот за да го добие потребното овластубвање. Во прилог на барањето за овластување, непосредните хендлери доставуваат и проценка на ризик која објективно ги дефинира ризиците од користење и раководење на прикриен човечки извор на информации.

При регистрација оваа евиденција опфаќа податоци за:[86]

- ✓ Шифра (код) број на информатор;
- ✓ Тип на информатор (обвинет, ограничена употреба, итн);
- ✓ Вистинско име на информатор;

[86]Пејкоски Г., (2020), Улогата на прикриените човечки извори на информации во процесот на криминалистичкото разузнавање за сузбивањето на сериозниот и организиран криминал, Скопје, стр.51

- ✓ Име на агентот кој го регрутирал;
- ✓ Датум на овластување;
- ✓ Датум на дерегистрирање.

Во рамките на полето на филозофијата и етиката на кривичната правда, дискретна литература се доближува до нашата грижа за моралот и емоциите преку испитување на етичките дилеми и дилеми кои произлегуваат од полициското распоредување на тајни и прикриени техники, вклучително и полициски доушници. Ваквите дела секако нудат нијансирана и критичка интерпретација на полициското работење на информаторите, со посветеност да се отпакуваат етичките дилеми кои произлегуваат од хипотетички или јавно достапни случаи. Притоа, тие ги идентификуваат потенцијалните ризици за полициските институции, раководителите на разузнавањето и поединците кои дејствуваат или како информатори или оние кои имаат секојдневна одговорност за справување со нив. Во голема мера, тие завршуваат со дискусија за тоа дали тактиката е оправдана, завршувајќи со критериуми за морално одбранливо распоредување на информаторите.[87]

Бидејќи полициските службеници користат претпоставки, емоции и проценки за време на нивната интеракција со информаторите, се чини дека „моралните моменти“ својствени на афективните димензии на полициските бирократии за управување со доушниците бараат многу повнимателно испитување. Сајер го опишува моралот како збир на принципи на права и неправди, вклучувајќи идеи или сетила за тоа кои однесувања се добри и доблесни, како треба да се однесуваме со другите и да бидеме третирани од нив. Етиката, обратно, може да се сфати како отелотворени или конкретни толкувања или насоки за тоа како тие се применуваат во кое било дадено општество или институција. Оваа разлика доликува во контекст на полициската работа и јавната служба генерално, која сè повеќе се обликува со зголемениот интерес за етиката, етичкото одлучување и управувањето со интегритетот. Сепак, додека полицијата свесно се занимава со концептите на етика и интегритет, ова може да биде главно симболичен потфат кој е донесен да обезбеди штит против критиките и регулаторниот развој. Останува прашањето дали дискурсите за етика и права станаа само перформативни во полициското работење на

[87]Loftus, B., Bacon, M. and Skinns, L. (2022) The moral and emotional world of police informants. The Police Journal: Theory, Practice and Principles. ISSN 0032-258X, стр.13 https://doi.org/10.1177/0032258x221081668

информаторите, потенцијално давајќи чувство на легитимност и обештетување на оваа практика.

## 6. Легални основи за оперативно работење со криминалистичко-разузнавачки информации

### 6.1.Закон за национална криминалистичко-разузнавачка база на податоци

Криминалистичкото разузнавање во Република Северна Македонија е регулирано со соодветна законска легислатива, која ги пропишува начинот и постапките за собирање и класифицирање на информации и секако надлежните органи кои се задолжени за оваа постапка. Еден од законите кои го ставаат својот акцент на криминалистичкото разузнавање е Законот за национална криминалистичко – разузнавачка база на податоци, со кој се уредуваат востановувањето и функционирањето на Националната криминалистичко-разузнавачка база на податоци, обработката на податоците во базата, безбедноста на податоците во базата, користењето на базата за цели на соработка со странски субјекти и надзорот над функционирањето на базата.[88]

Како интегриран информационен систем, базата на податоци се востановува во Министерството за внатрешни работи и содржи личните податоци на лицата за кои постои сомнение дека извршиле кривично дело, за осудени лица и жртви, и податоци поврзани со кривичното дело.

Обработка на податоци од Базата вршат следниве надлежни државни органи:[89]

- ✓ Министерството за внатрешни работи;
- ✓ Царинската управа;
- ✓ Управата за финансиска полиција;
- ✓ Јавното обвинителство и
- ✓ Управата за јавни приходи.

Давање на користење податоци преку Базата вршат следниве надлежни државни органи:[90]

---

[88]Закон за национална криминалистичко – разузнавачка база на податоци, Службен весник на РМ, бр. 120 од 02.10.2009 година, Член 1

[89]Ibid, Член 6

[90]Ibid, Член 7

- ✓ Министерството за внатрешни работи;
- ✓ Министерството за правда;
- ✓ Царинската управа;
- ✓ Управата за финансиска полиција;
- ✓ Јавното обвинителство;
- ✓ судовите;
- ✓ Управата за јавни приходи;
- ✓ Управата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам;
- ✓ Управата за извршување на санкции и
- ✓ Централниот регистар на Република Македонија

Се формира Комисија за обезбедување обработка на податоци и за постигнување ефикасна координација меѓу надлежните органи, составена од председател, осум членови и нивни заменици. За администрирање на базите на податоци е задолжено овластено лице од страна на надлежните државни органи. За пристап до Базата, потребно е лицата да исполнуваат одредени услови и истите треба да ја чуваат тајноста на податоците до кои дојдле преку нивната работа.

Податоците во Базата можат да се пренесуваат и разменуваат со странски субјекти, со цел да се спречи криминалот, а врз основа на закон, договор и членство во меѓународни институции и организации.

Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации врши надзор над користењето, давањето на користење, пренесувањето и размената на класифицираните информации и нивната заштита, согласно закон. [91] За неовластена обработка на податоци следуваа соодветна казна.

### 6.2.Уредба за административна безбедност на класифицирани информации

Со Уредбата за административна безбедност на класифицирани информации се пропишуваат мерките и активностите за административна безбедност на класифицираните

[91] Ibid, Член 23

информации кои од страна на државните органи, јавните установи и служби, органите на единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица се спроведуваат.[92]

Како "државна тајна" се класифицираат оние податоци кои можат да и наштетат на Република Северна Македонија:[93]

- директно да го загрозат уставниот поредок, независноста и територијалниот интегритет на Републиката;
- директно да ја загрозат внатрешната стабилност на Републиката;
- директно да доведат до масовни човечки губитоци;
- да причинат непоправливи штети на оперативната ефикасност или безбедност на Републиката или на ефикасноста на исклучително вредни одбранбени безбедносни или разузнавачки операции или на операции преземени за справување со неконвенционални закани, особено со тероризмот;
- да причинат непоправливи штети на основните слободи и права на човекот и граѓанинот, демократијата и владеењето на правото;
- да причинат непоправливи штети на унапредувањето и развојот на економијата на Републиката, на заштитата на сопственоста, слободата на пазарот и претприемништвото, хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- да причинат непоправливи штети на заштитата и унапредувањето на животната средина на Републиката;
- да нанесат тешки долготрајни последици на унапредувањето и развојот на локалната самоуправа во Републиката;
- директно да го загрозат остварувањето на целите на меѓународната политика на Републиката или да нанесат непоправливи штети на меѓународните односи на Републиката или на односите на странска земја или меѓународна организација со Република Македонија.

Како "строго доверливо" се класифицираат оние информации или материјали чие неовластено откривање или употреба би можело да им наштети на виталните интереси на Република Северна Македонија:[94]

---

[92]УРЕДБА за административна безбедност на класифицирани информации, 16.11.2004 година, Член 1
[93]Ibid, Член 2

- да причинат исклучително сериозна штета на независноста и територијалниот интегритет на Републиката;
- да причинат исклучително сериозна штета на државниот идентитет на Републиката со слободно изразување на етничкиот идентитет на сите граѓани;
- директно да го загрозат животот или исклучително сериозно да влијаат врз јавниот ред или врз личната безбедност или слобода на човекот и граѓанинот;
- да причинат исклучително сериозна штета на оперативната ефикасност или безбедност на Републиката или на ефикасноста на исклучително вредни одбранбени безбедносни или разузнавачки операции или на операции преземени за справување со неконвенционални закани, особено со тероризмот;
- да причинат исклучително сериозна материјална штета на финансиските, монетарните, економските и стопанските интереси на Републиката;
- да причинат исклучително сериозна штета на животната средина на Републиката;
- да нанесат исклучително сериозни последици на унапредувањето и развојот на локалната самоуправа во Републиката;
- исклучително сериозно да наштетат на остварувањето на целите на меѓународната политика или на меѓународните односи на Републиката или на односите на странска земја или меѓународна организација со Република Македонија;
- да предизвикаат притисоци на меѓународната заедница врз Републиката.

Како "доверливо" се класифицираат оние информации или материјали чие неовластено откривање или употреба би можело да им наштети на важните интереси на Република Северна Македонија и тоа: [95]

- да причинат сериозна штета на мирот, демократските основи на правната држава и развојот на мултиетничко општество;
- да причинат сериозна штета за животот, здравјето, имотот и личната безбедност или слободата на човекот и граѓанинот;
- да причинат сериозна штета на оперативната ефикасност или безбедност на Републиката или на ефикасноста на вредни одбранбени безбедносни или

[94] Ibid, Член 2
[95] Ibid, Член 2

разузнавачки операции или на операции преземени за справување со неконвенционални закани, особено со тероризмот;

- да причинат сериозна штета или да се значително во спротивност со финансиските, монетарните, економските и стопанските интереси на Републиката;
- да причинат сериозна штета на животната средина на Републиката;
- да причинат сериозна штета на унапредувањето и развојот на локалната самоуправа во Републиката;
- да причинат сериозна штета или да се значително во спротивност со политичко-одбранбената интеграција на Републиката во НАТО, со економската и безбедносна интеграција во Европската унија или во другите системи за колективна безбедност;
- сериозно да го спречува развојот или операциите утврдени во меѓународните договори кои Републиката ги склучила со странски земји или меѓународни организации;
- сериозно материјално да им наштети на меѓународните односи на Републиката, така што ќе предизвика формален протест или други санкции;
- да ги прекине или на друг начин значително да ги оневозможи значајните активности на Републиката на меѓународен план или активностите на странска земја или меѓународна организација на планот на соработка со Република Македонија.

Како “интерно”се класифицираат оние информации или материјали чие неовластено откривање или употреба би можело да им наштети на работата и ефикасноста на органите на Република Северна Македонија и тоа: [96]

- да причинат штета или да влијаат врз условите за унапредувањето и зачувувањето на внатрешно-политичката стабилност, безбедност и оперативната ефикасност на Републиката;
- да причинат значително страдање на лица;
- да причинат штета на изградбата на праведна, социјална држава со еднакви можности за сите граѓани;

---

[96]Ibid, Член 2

- да ги уназадат политичките, финансиските, монетарните, економските и комерцијалните преговори на Републиката;
- да го спречуваат развојот или операциите утврдени во билатералните или мултилатералните договори кои Републиката ги склучила со странски земји или меѓународни организации;
- да им причинат финансиска загуба или да им овозможат несоодветни достигнувања или предност на правните или физичките лица;
- да влијаат негативно на зачувувањето и заштитата на животната средина;
- да ги поткопуваат активностите на Републиката на планот на зачувување и унапредување на мирот, стабилноста, безбедноста и сите форми на соработка со соседите, во регионот, Европа и светот, како и превенција и изградба на инструменти за рано предупредување на тензиите и кризите со цел за нивно навремено и ефикасно решавање по мирен пат;
- да ги потпкопуваат активностите на Републиката за зачувување и напредок на меѓународниот поредок заснован врз праведност, взаемно почитување на меѓународниот поредок втемелен во меѓународното право, како и политичка и економска рамноправност на државите;
- да влијаат негативно на меѓународните односи на Републиката или на односите на странска земја или меѓународна организација со Републиката.

Со уредбата за административна безбедност на класифицирани податоци начинот и условите под кои може да се врши пренос на класифицирани информации, во зависнот од тоа во која група припаѓаат.

### 6.3.Правилници за криминалистичко разузнавање во МВР

Правилниците за криминалистичко разузнавање во МВР се строго доверливи и пристапот до нив е ограничен поради тоа што се работи за правилници која регулираат регистрацијата на информатори, го пропишуваат начинот на кој се раководи со оваа група на прикриени човечки информации и опфаќаат акти за регистрирање и водење на информатори.

Со оглед дека овие подзаконски акти се класифицирани непостои простор за нивна елаборација во овој труд, но важно е да се напоменат и да се знае дека и оваа сфера од оперативно разузнавачкото работење е соодветно регулирана.

## *7. ЗАКЛУЧОК*

Главната цел на криминалистичкото разузнавање е да создаде знаење што ќе го користат носителите на одлуки за долгорочно планирање и распределба на ресурсите. Според тоа, стратешката криминално-разузнавачка активност е ориентирана кон иднината. Се разбира, временската рамка ќе зависи од природата на одлуката што мора да се донесе. Стратегиската криминално-разузнавачка активност може да има различни нивоа на амбиција, во зависност од поставените криминално-разузнавачки барања.

Поаѓајќи од ваквите премиси, а во контекст на елаборираните аргументи на дескрипцијата на научната замисла се потврдува хипотезата дека организираните форми на криминалитет не можат успешно да се следат и сузбиваат без организирано разузнавачко дејствување на безбедносно разузнавачката заедница. Поради ова се прават напори самото криминалистичко разузнавање да се наметне како основен метод на работа на секој службеник за спроведување на законите, кој е анагажиран на сузбивање на различните форми на организиран криминалитет, преку оперативното работење.

Најниско ниво на активност, кај криминалистичкото разузнавање е дескриптивната анализа во која информациите, користејќи научно признати методи, систематски се организираат, анализираат и презентираат. Честопати, целта на ваквите активности е да се открие дали има општи трендови во развојот на криминалот, или обрасци на криминал, и повремено да се види дали таквите трендови се можни во иднина. Статистиката често се користи во овој типанализа и веројатно е најчесто спроведуван тип на стратешка анализа. Повисокото ниво на стратешка криминално-разузнавачка активност е објаснување. Основата за овој тип на анализа е често дескриптивна анализа. Сепак, целта на ова ниво е да се разберат причините за криминалот. Тоа е многу тешка задача, бидејќи обично се проучуваат голем број на променливи, како и нивната меѓусебна поврзаност. За да се спроведе овој тип на анализа на вистински начин, потребно е добро познавање во

примената на научната методологија. Највисокото ниво на амбиција на ова ниво на криминално-разузнавачка активност е предвидливо, односно прогноза за идниот развој на криминалната средина. Се разбира, невозможно е детално да се предвиди иднината, но со помош на резултатите од описни или објаснувачки аналитички производи, или двата вида материјали, можно е да се намали неизвесноста во најмала можна мера, така што се предвидува развојот на идната криминална средина.

Методите што се користат за оперативно работење преку примена на методи на криминалистичкото разузнавање се преземени од богатата истражувачка рамка на различни академски дисциплини, како што се општествените и политичките науки, економските науки, криминологијата итн. Исходот од криминално-разузнавачка активност често се прикажува во форма на стратешки анализи, но во некои полициски организации често се вербални брифинзи за стратешки криминално-разузнавачки производи.

Владите треба да развијат добар систем на комуникација со заедниците и да им направат достапни информации и податоци за криминалот и поврзаните прашања. Вклучувањето на граѓанското општество е, исто така, клучна компонента на развојот или одржувањето на културата на законитост, еден од основните принципи на насоките за спречување на криминалот.

Прикриените или живите извори на информациите за криминалистичко разузнавање треба да овозможат полесно одлучување за текот на дејствувањето, имајќи предвид дека ниту една оперативна работа во разузнавачката активност никогаш не е сосема иста, туку секоја работа бара различен пристап, заснован на достапните информации. Тие, исто така, овозможуваат поефикасна распределба на ограничените средства на организацијата при спроведување на поголеми акции, односно обезбедување на потребните средства за извршување на важни стратешки проекти без да се влијае на тековните барања.

За ефикасно користење на разузнавачките информации, клучна улога игра евалуацијата на изворот, како и на самата информација. Оценувањето на изворот ја утврдува неговата веродостојност и доследност, додека оценката на информацијата се состои од испитување на автентичноста, валидноста, веродостојноста, веројатноста и

вистинитоста. Оперативниот состав на соодветните служби мора да поседува интегритет и можност за објективна проценка на изворите на информации и таа своја перцепција да ја пренесе на документот со цел овозможување на ефикасност, ефективност, поголема оперативност и севкупно реализирање на поставените задачи.

Оперативната работа е клучна во работењето со разузнавачки информации и поставеноста на службите за спроведување на законите во правец на успешна контрола, попречување и откривање на криминалот, казнување на сторителите и обезбедување на сигурност на граѓаните.

Во контекст на заклучоците кои произлегоа од елаборацијата на наведената тема како препораки би ги изнела:

- Подигнување на свеста за се поголемата организираност на криминалот и პософистицирано делување на криминалните групи;
- Градење на систем од мерки и активности кои ќе се однесуваат на добивање на информации за криминални дејствија, кои ќе бидат подвргнати на натамошна обработка со цел идентификување на инкриминирани појави и дејствија;
- Зајакнување на аналитичките способности на службите за спроведување на законите и доследно почитување на разузнавачките постапки;
- Оперативно користење на расположливите ресурси и зајакнување на улогата на оперативните работници;
- Постојана и координирана соработка на национално и меѓународно ниво во правец на размена на информации за форми на криминал;
- Унапредување на методите на криминалистичкото разузнавање и обуки на оперативните работници за користење на алатките, методите, моделите на оперативните алатки со цел добивање на информации и изготвување на анализи кои ќе бидат соодветно заштитени, класифицирани и дисеминирани до носителите на одлуки за натамошно постапување.

## Користена литература


1. ATKIN, H. (2000), Criminal intelligence analysis: a scientific perspective, IALEIA Journal 13, стр.3 , https://www.researchgate.net/publication/292603655_Criminal_intelligence_analysis_A_scientific_perspective
2. Бибовска Л. Е., (2019), ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСНО-РАЗУЗНАВАЧКИТЕ СЛУЖБИ НА ДРЖАВИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН, Скопје
3. Боба Р., (2010), Криминалистичко истражување со мапирање на криминалот, Скопје
4. Бори Х., Ли И., (2005), Создавање отчетно разузнавање: Правни стандарди и најдобра практика за надзор над разузнавачките агенции, https://www.files.ethz.ch/isn/129153/hb_making-intelligence-macedonian.pdf
5. CRIMINAL JUSTICE HANDBOOK SERIES (2010), Handbook on the crime prevention guidelines - Making them work, New York
6. David L., Carter (1990), LAW ENFORCEMENT INTELLIGENCE OPERATIONS, An Overview of Concepts, Issues and Terms, Ph.D. School of Criminal Justice Michigan State University East Lansing, MI 48824-1118 (517) 355-2197, (https://www.ojp.gov/pdffiles1/Photocopy/134434NCJRS.pdf)
7. Димовски З, Криминалистичко разузнавање, Факултет за безбедност- Скопје, 2019
8. Димовски З., (2007), Прирачник – Криминалистичко разузнавање, Графотранс, Скопје

9. Димовски З., Тероризам, Факултет за детективи и безбедност, ФОН
10. Ивановска С. (2019), Анализа на современите трендови и тенденции на разузнавањето, Магистерски труд
11. IACP National Law Enforcement Policy Center, (1998), Criminal Intelligence, Concepts and Issues Paper, https://bja.ojp.gov/sites/g/files/xyckuh186/files/media/document/criminalintelligencepaper0703.pdf
12. Ивановска С., (2019), АНАЛИЗА НА СОВРЕМЕНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ И ДИМЕНЗИИ НА РАЗУЗНАВАЊЕТО, Скопје
13. Interpol, Criminal intelligence analysis, Fact Sheet, file:///C:/Users/user/Downloads/Criminal_intelligence_-_INTERPOL.pdf
14. Хатон Л., (2019), Разузнавање и род, Пакет алатки за родови и безбедносни прашања, ДЦАФ, ОБСЕ/ОДИХР и UN Women (UN Women), стр.9 (https://www.dcaf.ch/sites/default/files/publications/documents/GSToolkit_Tool-14%20mk.pdf)
15. Кајзер Г., (1996), Криминологија, Вовед во основите, Александрија, Скопје
16. Лајмнаа Д. М., Потер Г. В., (2009), Организиран криминал, Четврто издание, Магор, Скопје,
17. Loftus, B., Bacon, M. and Skinns, L. (2022) The moral and emotional world of police informants. The Police Journal: Theory, Practice and Principles. ISSN 0032-258X, https://doi.org/10.1177/0032258x221081668
18. MalloryL. (2000), Stephen Informants Development and management
19. May T., (2016), Modern Crime Prevention Strategy, Home Office, https://assets.publishing.service.gov.uk/government/uploads/system/uploads/attachment_data/file/509831/6.1770_Modern_Crime_Prevention_Strategy_final_WEB_version.pdf
20. Митић М., (2018), Криминалистичко-обавештајна делатност у
21. сузбијању организованог криминала, Ниш
22. Organized Crime Research Brief no. 4, Mobility of Criminal Groups, https://www.publicsafety.gc.ca/cnt/rsrcs/pblctns/rgnzd-crm-brf-4/rgnzd-crm-brf-4-eng.pdf

23. Пејкоски Г., (2020), Улогата на прикриените човечки извори на информации во процесот на криминалистичкото разузнавање за сузбивање на сериозен и организиран криминалитет, Скопје
24. Полициско работење водено од разузнавање: водич на ОБСЕ, 2017, Скопје
25. Polmer, N. & Allen. B.T. „Enciclopedia of Espionage“, Gramercy Books, New York, 1997
26. Practical guide on the use of personal data in the police sector,(2018), Strasbourg, https://rm.coe.int/t-pd-201-01-practical-guide-on-the-use-of-personal-data-in-the-police-/16807927d5
27. RatcliffeH. J., (2007), Integrated Intelligence and Crime Analysis: Enhanced Information Management for Law Enforcement Leaders, Second Edition, Police Foundation 1201 Connecticut Avenue, NW Washington, DC 20036-2636 www.policefoundation.org
28. М. М. Саздовска, Прирачник за разузнавачки циклус, График Мак Принт, Скопје, 2005
29. М.М. Саздовска, Еколошка криминалистика, Факултет за безбедност- Скопје, 2024
30. Sfetcu N., (2019), Intelligence cycle, https://www.researchgate.net/publication /332212214_Intelligence_cycle
31. Водич на ОБСЕ, (2017), Полициско работење водено од разузнавање, TNTD/SPMU Publication Series Vol. 13
32. UNITED NATIONS OFFICE ON DRUGS AND CRIME, (2011), Criminal Intelligence, Manual for Analysts, United NationsNew York, https://www.unodc.org/documents/organized-crime/Law-Enforcement/Criminal_Intelligence_for_Analysts.pdf
33. Шебек В ., (2014), Криминалистичко – обавештајни модели организације полиције у контроли криминалитета, Крагуевац, стр.126, file:///C:/Users/user/Downloads/Disertacija.pdf
34. https://dps.iowa.gov
35. https://www.college.police.uk
36. https://www.lawinsider.com
37. https://greydynamics.com
38. https://www.cpkn.ca

39. https://williamstownmapolice.com
40. https://www.astatraining.com
41. https://themindcollection.com
42. https://www.interpol.int

**Закони и документи**

1. Закон за национална криминалистичко – разузнавачка база на податоци, Службен весник на РМ, бр. 120 од 02.10.2009 година
2. УРЕДБА за административна безбедност на класифицирани информации, 16.11.2004 година
3. Правилници за криминалистичко разузнавање во МВР